МЕЃУНАРОДЕН СЛАВЈАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ
„ГАВРИЛО РОМАНОВИЧ ДЕРЖАВИН“
СВЕТИ НИКОЛЕ – БИТОЛА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА



ФАКУЛТЕТ ЗА ПРАВНИ НАУКИ
СТУДИСКА ПРОГРАМА: КАЗНЕНО ПРАВО

МАГИСТЕРСКИ ТРУД

АНАЛИЗА НА СОСТОЈБАТА ВО СИСТЕМОТ ЗА ПРАВДА НА ДЕЦАТА ВО Р.С. МАКЕДОНИЈА И НИВНА ПРАВНА ЗАШТИТА

СТУДЕНТ: ЗОРАН КРСТЕВ
БРОЈ НА ИНДЕКС: 197020
МЕНТОР:ПРОФ. ДР МАРЈАН КИЦЕВ

Свети Николе, 2020

Краток извадок

Јас во мојот магистерски труд детално ќе ја опфатам анализата на состојбата во системот за правда на децата во Р.С Македонија, како и нивна заштита од правен аспект, сепак во системот за правда се опфатени повеќе прашања и тоа , вклучително: детска заштита, спречување на криминалот, спроведување на законот, судски постапки, казнување и рехабилитација. Сепак ова е клучна област од социјалната политика, која се однесува на сè поголем број на ранливи деца кои честопати се маргинализирани од општеството. Но најважен ни е начинот на кој се постапува со овие деца во правосудниот систем кој всушност претставува критичен фактор при определувањето дали тие ќе бидат реинтегрирани во нивните семејства, училишта и заедници. Иако знаеме дека реформата на законите е мошне значајна во повеќе земји, од нашите искуства стекнавме разбирање дека законот и политиката не се единствениот одговор за да се постигне правда за децата. Способноста и моќта на правдата, поддршката и системите за заштита, како и оние кои работат во тие системи имаат клучно значење за ефективно и правично спроведување на принципите на правдата.

Клучни зборови: правда, деца, општество

Abstract:

In my master's thesis I will cover in detail the analysis of the situation in the system of justice for children in RS Macedonia, as well as their protection from a legal point of view, however, the justice system covers several issues, including: child protection, prevention of crime, law enforcement, litigation, punishment and rehabilitation. However, this is a key area of social policy, which addresses an increasing number of vulnerable children who are often marginalized from society. But most important to us is the way these children are treated in the justice system, which is actually a critical factor in determining whether they will be reintegrated into their families, schools and communities. Although we know that law reform is very important in many countries, we have learned from our experience that law and politics are not the only answer to achieving justice for children. The ability and power of justice, advocacy and protection systems, as well as those working in those systems, are crucial to the effective and equitable implementation of the principles of justice.

Keywords: justice, children, society

Содржина:

Вовед.....6

ГЛАВА I – АНАЛИЗА НА СИСТЕМОТ ЗА ПРАВДА НА ДЕЦАТА

1. Креирање на систем за правда на децата во Р.С. Македонија.....7
1.1. Детско претстапништво, поим и карактеристики.....7

Глава II – ДЕЦА

1. Дете – поим, дефиниција, правда.....10
2. Дефинирање на поимот дете 14

ГЛАВА III: ПОВРЗАНОСТА НА ДЕЦАТА СО ДЕЛИКВЕНЦИЈА

1. Однос и поврзаност на децата и деликвенција.....18
2. Определба на старосните граници во детството 20

2.1.Развојот на казненото право спрема децата.....23

3. Компаративни трендови за правдата на децата.....28

ГЛАВА 4: МЕЃУНАРОДНИ ИНСТРУМЕНТИ ПРИ САНКЦИОНИРАЊЕ НА ДЕЦАТА

1. Меѓународни инструменти на ООН и СЕ 35
2. Санкции спрема децата.....38
3. Видови санкции спрема децата..... 40

3.1.Воспитни мерки 40

3.2.Алтернативни мерки..... 41

3.3.Казни..... 44

3.3.1. Видови казни за деца и услови за нивно изрекување..... 44
3.3.2. Затвор за деца.....45
3.3.3. Парична казна.....46
3.3.4. Забрана на управување со моторно возило од определена категорија.....46
3.3.5. Протерување странец од земјата.....46
3.3.6. Изрекување санкции на помлади полнолетни лица 47

3.3.7. Воспитни мерки спрема помлади полнолетни лица.....48
4. Општи одредби 47
4.1.Изрекување воспитни мерки и на казни за дела во стек.....48
4.2.Воспитните мерки и дејство на затворска казна за деца 49
5. Дејство на санкциите, евиденција на изречените санкции, рехабилитација....50
5.1.Правни последици.....50
5.2.Евиденција за повеќе изречени санкции.....50

ГЛАВА 5 - АНАЛИЗА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

1. Методологија на истражувањето..... 52
1.1.Предмет на истражување 52
1.2.Цел на истражување 52
1.3.Задачи на истражување 53
2. Хипотези 54
2.1.Главна хипотеза 54
2.2.Подхипотези.....54
3. Методи, техники, инструменти.....55
3.1.Учесници опфатени во истражувањето.....55

ЗАКЛУЧОК.....76

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА.....78

Вовед:

Научната анализа на различните аспекти на институционалниот или вонинституционалниот третман на децата кои се во ризик и децата во судир со законот и односот на македонското општество кое се грижи за нива помош, лична заштита, развој.

Со самото следење на положбата на децата и младите во системот на правда на децата, претставува основа за добар избор на облиците и мерките на заштита, кое што подразбира системски и планиран детален увид во ефектите за преземање на мерки и промена во социјалните услови и личноста на децата без разлика во кои услови и облици на воспитни и други мерки на социјална заштита се применуваат. Проучувањето на положбата на децата во нашиот правен систем можат да се користат за да се преземат повеќе активни методи и средства , со кои што располагаат модерните општествени науки.

Секојдневно, е поголема потребата за зголемување на можностите за неформален пристап во разрешувањето на состојбите во кои се инволвирани децата, што подразбира интеракција и активно вклучување на поширок круг субјекти во кои спаѓаат родителите, училиштата , а поведувањето казнена постапка спрема деца да биде случај само за најтешките форми на кривични дела, и тоа на дела со фатални последици по животот и здравјето на луѓето. Доколку детето ќе изврши повторно кривично дело и кога ќе се оцени дека личноста на детето, но и начинот на стореното кривичното дело, мотивите од кои се раководело детето, всушност го оправдуваат класичниот формален приод во постапувањето, неизбежно се надоврзува изрекувањето на соодветна кривична санкција. Казнената одговорност на децата сепак не е сама од себе Со нејзиното утврдување треба да ја изрази одговорноста за стореното казнено дело, одговор на способноста лицето да ја поднесе казнената санкција и второ да се определи видот на санкцијата која би одговарала на тежината на злото што е нанесено со казненото дело, но и самата личноста на делинквентот. Главната и основна цел е да бидат докажани сите причини кои ќе придонесат до кривична одговорност и со општествената реакција (мерка или санкција) да се влијае врз причините што придонесуваат за инкриминираното однесување на детето.

ГЛАВА I – Анализа на системот за правда на децата

1. Креирање на систем за правда на децата во Р.С. Македонија

Со самото креирање на систем на правда за децата ни се прикажува потребата од иновирање на легислативната рамка со цел доминантно место во казнената реакција да ја имаат мерките на помош, грижа и заштита, т.е. воспитните мерки и интервенции наместо сместување во установи за деца и казнувањето. Главната цел на овој систем е во целост да се одбегне загрозувањето на правилниот раст и развој на децата кои се во транзиторниот период од детство кон полнолетството. Секојдневно, е поголема потребата за зголемување на можностите за неформален пристап во разрешувањето на состојбите во кои се инволвирани децата, што подразбира интеракција и активно вклучување на поширок круг субјекти во кои спаѓаат родителите, училиштата , а поведувањето казнена постапка спрема деца да биде случај само за најтешките форми на кривични дела, и тоа на дела со фатални последици по животот и здравјето на луѓето. Доколку детето ќе изврши повторно кривично дело и кога ќе се оцени дека личноста на детето, но и начинот на стореното кривичното дело, мотивите од кои се раководело детето, всушност го оправдуваат класичниот формален приод во постапувањето, неизбежно се надоврзува изрекувањето на соодветна кривична санкција. Сепак нновиот систем за правда за децата најмногу внимание ќе обрне за првичниот интерес за лична заштита, нивно воспитување, како и превоспитување и правилен развој на децата,односно настојувања со кои ќе се подигне свеста се повеќе и ќе се поттикне примената на вонзатворски / алтернативни мерки за грижа за социјалното чинење на кривичните дела и ефектите кои се очекуваат од целокупната криминална контрола.

1.1.Детско претстапништво, поим и карактеристики

За да успееме во борбата против детското престапништво најмногу зависи од адекватниот пристап на општеството кон оваа особено чувствителна проблематика. Главниот модел за борба против овој вистински значаен проблем овозможува првична превенција на кривични сторени дела каде што како сторители се децата. Во литературата постојат три главни

пристапи за одредување н малолетничка деликвенција. Во Првиот престап е опфатен криминалитетот на децата

Тие што го застапуваат ова сфакање сметаат дека малолетничката деликвенција како социолошки поим мора да е дефиниран со закон и се сведува на кривичните дела како и кај возрасните. Втората група има поголемо односно пошироко сфаќање за малолетничката деликвенција односно ги сметаат сите правни норми, Биејќи делинквенцијата секогаш како поим е поврзана и со полнолетните сторители, казненото законодавство го прифаќа поимот на детско престапништво. Детското претстапништво ни укажува дека детето ја престапило законската норма, дошло во судир со општествено прифатливото однесување со што всушност се укажува на поблагиот степен на повреда на правните норми. Во нашата литература има повеќе дефиниции кои што придонесуваат кон поголема конфузност на, сложениот, генерален поим на детско престапништво. Некои теоретичари тргнуваат од добро познатите три групи сфаќања за поимот на детското престапништво. Во таа смисла првата група под детско престапништво подразбира: Однесување на младите кое за последица има кршење на нормите на кривичното законодавство. Ваквата дефиниција има сериозни недостатоци со оглед на фактот дека не прави разлика помеѓу криминалитетот на полнолетните и децата. Втората група смета дека детското претстапништво се : Кривични дела сторени од страна на децата како и сите оние однесувања на малолетните лица кои се во судир со правните прописи на определена држава. Третата група кои смета дека: Детското престапништво, покрај кршењето на кривичните и другите правни норми, го опфаќа и она однесување на децата кое социокултурната средина го смета за непожелно. Најпозната ваква дефиниција е дефиницијата на Тодоровиќ којшто под овој поим подразбира „такво девијантно однесување на младите со кое се кршат правните норми, но и моралните норми на општеството“.

Според Јашови: „Престапничкото поведение на младите е секое поведение на поединец, група на млади, кое е противправно, однесување каде има кршење на правно-моралните норми на дадено општество а со тоа ќе се предизвика организирано општествено реагирање со цел да бидат заштитат општествените добра и вредности, на таквото поведение”. Дете-престапник е: лице коа е под законската возраст за кривична одговорност како возрасен сторител, а е над определена минимална возраст со која може да биде повикан на

одговорност за прекршување на кривичниот закон. За прв индикатор се сметаат асоцијалните однесувања на младите односно тоа значи дека развојот и формирањето на младата личност оди во негативна насока, дека манифестира почетни форми на делинквентно однесување За детското претстапништво во нашата земја постојат екстензивни и рестриктивни дефиниции Во Екстензиваната дефиниција ни е прикажано дека детското престапништво ги подразбира сите форми на девијација кои се појавуваат во однесувањето на децата, во дадено општество. Рестриктивна дефиниција ни го прикажува она однесување кое инкриминирано во важечкото кривично законодавство како кривично дело. Освен поимот детско престапништво, значајни се и термините малолетнички криминалит, малолетничко престапништво, итн. Воспитната запуштеност е претставува еден од најчесто користените поими при детално објаснување на детското претстапништво но бидејќи постојат повеќе дефиниции јас би прикажал дефиниција која воспитната запуштеност ја прикажува како воспитна загрозеност, воспитна занемареност и детско престапништво. Секојдневно сме соочени со голем развој на технологијата, миграциите, глобализацијата, некои лични фактори, и поради многу причини младите сé повеќе паѓаат во искушение за пречекорување на границата помеѓу дозволеното и недозволеното. Може да забележиме и промена на самата општествена реакција на асоцијалното и престапничкото однесување кај децата. Денешното општество е насочено кон превенцијата на детското престапништво и отстранување на факторите што влијаат врз неговата појава и се карактеризира со примена на многу потолерантен третман на децата направиле кривично дело.[1]

[1] Камбовски, В.(2006): Казнено право, општ дел, 2-ри Август Штип, стр. 804

Глава II - ДЕЦА

2. Дете – поим, дефиниција, правда

Детерминантите кои што ја определуваат положбата на детето како сторител на казнено дело во казненото право може да се објаснат само со посебностите на личноста на детето. За да се изгради една целосна слика за приодот кон човекот се направени повеќе обиди, она што е важно и карактеристично за него како личност, и она што е општо и заедничко за човекот започнува уште во минатото. Спецификата на делинквентното однесување кај децата е заради нивната недоволна био-психичка и социјална зрелост. Современите кривични законодавства секако го земаат во предвид овој факт и во своите законодавства имаат предвидено различни норми за децата како сторители на кривични дела но се различни и по степенот на кривична одговорност, начела на постапувањето кон децата, системот и по висината на санкциите за разлика од оние коишто важат за полнолетните сторители на кривични дела. Раното психолошко дејство од една страна, е поврзано со тоа што младите лица психолошко се развиваат и проблемите со нивната социјализација може да придонесат за извршување кон криминално однесување, додека од друга страна, оној што дошол во судир со законот на рана возраст но не е соодветно третиран е во голема опасност да се наведево сериозни форми на казнени дела и додека е дете. Во духот на споменатата препорака на Советот на Европа, под поимот "деца во ризик" се подразбираат лица на возраст до 18 години изложени на многукратни ризични фактори, додека пак поимот„рана психосоцијална интервенција" е опфатена активност со цел да се откријат деца во ризик и да се редуцира веројатноста за нивно идно инволвирање во криминални активности. Сите програми за психосоцијална заштита се спроведуваат заедно со семејството, училиштата и соседството на детето. Сите програми кои се применуваат се засноват на принципите на ефикасност, пропорционалност, нестигматизација и недискриминација. Се повеќе се зголемуваат поддржувачите на согледувањето дека е неопходно да се дефинираат форми на реакција кон младите лица кои скршнале од начинот на постапување, што тоа и не значи било каков судир со законот. Доколку е отсутна навремена и квалитетна реакција повеќепати е причина за лицето да се впушти во криминално однесување При вклучување на правосудните органи веќе станува збор за неуспешна превентивна мисија на повиканите

служби. Неопходен е нов начин на постапување, затоа што во услови на континуиран нагорен тренд на детското престапништво ќе се забележи голема промена во природата и сериозноста на сите сторени дела од каде доаѓа и нужноста за нови методи на постапување. Вонинституционалнниот приод ни го прикажува мултидисциплинарниот пристап во процесот за детекција и надминување на причините за делинквентно однесување и постигнување на прифатливо конечно решение, кое подразбира инволвираност на потесната фамилиија на детето, како и разни претставници од образовните установи, оштетениот и лица локална заедница. Препораките на Советот на Европа најголема примена наоѓа во одредбите на ЗПД во којшто се предвидени неколку неформални облици на постапување во кои може да се вбројат постапка медијација, мерки за помош и заштита И двете имаат и ресторативни аспекти. Првата, се грижи за правата на оштетениот и можностите за обештетување, а втората со тежнението медијаторот да помогне во пронаоѓање взаемно прифатливо решение за сторителот и оштетениот. Од биофизичката и психосоцијалната конституција на детето произлегуваат брони карактеристики кои што го детерминираат општествениот статус, поведение, и положба: детството е најмалиот дел од животот на човекот, во овој дел децата сакаат се да доживеат и видат Во тоа време за детето се грижат неговите родители / старатели Докажано е дека во денешните кривични законодавства постои тенденција да се подигнат старосните граници во кои едно лице се смета за дете. Истотака во оваа група може да бидат наведени и поголем број лица кои, иако во моментот на извршување на кривичното дело, законски станале полнолетни но, сепак не стигнале до онаа фаза на зрелост за да се применуваат врз нив кривични санкции кои се наменети за полнолетните лица. Всушност, не може да се суди на малолетен сторител кој направил кривично дело, кој самостојно е не зрел, по исти законски постапки со оној полнолетен сторител кој според својата зрелост одговара на законскиот критериум за лимитирање на старосните граници , извршувањето на кривичното дело предвреме го планира и организира со однапред планиран исход од неговото дејствување. Вака, кривичното право за децата, ќе се здобие со повеќе можности со кои ќе се зголеми својата ефикасност кога се во прашање децата, во што всушност се гледа иднината на современото кривично законодавство воопшто Новиот и модерниот пристап се состои во разгледување на тоа дали детето е дораснато на моралните и психолошките

компоненти на кривичната одговорност, Доколку возраста како првичен критериум за влез во кривичната одговорност е фиксирана на низок степен тогаш поимот на одговорноста ќе ја загуби смислата. Поради ова е потребно да се извршат напори за да се постигне согласност за прифатлива долна граница на старост којашто може да се применува во меѓународни размери. При определувањето на горната старосна граница која служи за да се разграничи детството со полнолетноста постојат видливи големи разлики и тоа од 15 до 21г. Без разлика што поголемиот број на кривични законодавства границата на неспособноста за кривична одговорност ја стават на 14 – год. возраст, во вид на критична граница од чие извршување детето може да биде повикано на одговорност за сторено казнено дело, сепак сé уште постојат многубројни колебања кои се прикажани во две насоки. Првото е взаемно поврзано со дилемата дали границата од 14 години е пре-ниска или пре-висока. Прениска, што многу психолози се обидуваат да докажат дека во ова време децата побрзо созреваат и физички и психички, што овозможува нивната социјална зрелост да се оствари порано и побрзо . И тие изразуваат тенденција дека долната граница за способноста за казнена одговорност треба да се спушти подолу (на 10 или 12 години од животот). Закон за социјална заштита на малолетноста (статусот на дете)во нашата држава ја определува на 10 години. Оваа тенденција за спуштање на границата за казнена одговорност под 14 години е под силно влијание на современите услови и односи на животот. Сé повеќе и поприсутно е емпириски докажаното сознание дека во современиот криминалитет што се наоѓа во постојан пораст, силно е изразена тенденцијата на учествувањето на децата во криминалитетот да се зголеми а со тоа и да се зголеми и учеството на оние под 14-годишна возраст. Речиси 30% од сите отфрлени пријави од страна на јавниот обвинител се однесуваат на деца кои не се способни за кривична одговорност. Сепак тие деца понекогаш се јавуваат како сторители на големи и тешки казнени дела со тешки последици. Второво е насочено кон настојувањето да се подигне границата на способност за одговорност на 16, односно на 18 години од животот. На овој начин значително голема бројка на лица ќе бидат заштитени од применување на санкции. Првата тенденција е резултат на сознанието за зголемен тренд на детското престапништво. Ова тежнение е взаемно со современите тенденции за грижата на општеството за/кон детето и одговорноста на општеството за правилен развој на детето.

[2]Го прикажуваме и тврдењето дека кое сторило казнено дело не смее да остане без нитуедна реакција на општеството или неговите органи. Најпрвен на детето кое сторило некакво кривично дело треба да му се покаже дека направило нешто што е незаконски дозволиво, кое не е општествено прифатливо и со тоа би добило и некаква санкција. Во оваа смисла и теориите на детско престапништво ги идентификуваат и главните причини и фактори кои допридонесуваат младата личност од личност која се придржува кон правните норми да премине во личност во судир со тие норми. Во неколку држави освен судовите за деца (редовните судови) постојат и други судови (полициски судови, семејни судови или други) кои не ги казнуваат овие деца, но преземаат мерки на грижа, воспитување, надзор и слично, со што се остварува поставката дека казненото законодавство во својата основа ја има грижата за детето и неговите интереси за правилен развој. Задирањето во старосните граници на способност за казнена одговорност загатнува многу проблеми и тоа е сериозно бидејќи е прашање што се наоѓа во центарот на казнениот систем и тоа зад себе е поврзано со многу други прашања од областа на казненото право. Оттука доаѓа и прифаќањето на компромисен пристап преку воведувањето на категорите во казненото право - „помлади полнолетни лица" која категорија всушност е можност да се решат некои проблеми кои што не можеле да се решат преку институтот „малолетност". На оваа истакната категорија и се одредува ист правен статус како и кога се во прашање деца - сторители на казнени дела. Тие се лицата кои што во времето на вршење на делото или во текот на судењето немаат 21 година од својот живот. Со овие компромисни решенија се разрешат некои проблеми. Особено би го истакнал и фактот дека децата кои се сторители на дејствија што со закон се истакнати како кривични дела, кои не смеат да останат без општествена реакција на таквото поведение, бидејќи на овој начин кај младата личност се изградува системот на вредности, во меѓусебните односи на луѓето. Второ, ова е општ пристап кон облик, зацврстување на општествената дисциплина и одговорност на младата личност. Во нашето модерно општество, дисциплината на човекот е услов за негово преживување и соживот со сите околу него. Казнената одговорност е прикажана како нешта во кои

[2] Buzarovska - Lazetik, Gordana and Kosevaliska, Olga and Nanev, Lazar (2015) Кривично постапување спрема деца во ризик и деца во судир со закон. Кривично постапување спрема деца во ризик и деца во судир со закон, 1 (1). Универзитет „Св.Кирил и Методиј" Правен факултет Јустинијан Први, Скопје. ISBN 978-608-4655-53-4

човекот најрано и најбрзо стекнува искуства Во оние услови кога се повеќе и посилно се нагласуваат проблемите кои се поврзани со заштитата на слободите и правата на децата низ целиот систем на заштита, помош и грижа , тогаш и прашањето за одговорност во однос на постапките се поставува на нов начин. Сепак како две дијаметрално различно поставени појави, на едната страна правата и заштитата, на другата страна – одговорноста, во казненото право се бараат решенијата за поставување на проблемот на одговорноста на начин на кој ќе се реализира во функција на стекнување позитивни и негативни искуства за да не се повтори тоа. Но и, самиот факт кој што во меѓународните инструменти нема еден и единствен став за тоа која е возраста од која детето може да се повика на одговорност (казнена) за своите постапки, претставува доказ за севкупната сложеност на проблемот. И кога би се определиле различни граници на старост во однос на способност за одговорност од седум години нагоре и во рамките на оној период од животот што се вика „деттство", има различни категории со различни форми на одговорност и со тоа различни системи на реакција со казнени мерки. Детето е истовремено и „субјект", тоа е "личност" и во тие рамки кога ќе стори кривично дело ќе се бара и казнената одговорност .

3. Дефинирање на поимот дете

Во кривично правната теорија и практика определувањето на границата на способноста за казнена одговорност кога се работи за дете предизвикува голем интерес, и покренува повеќебројни дилеми и постојано е во сферата на актуелност. Проблемот најчесто е изразен преку прашањето: на која возраст детето може да се смета за способно да разбере значењето на своето казнено дело и да управува со своите направени постапки како основа за негово повикување на одговорност но и примена на кривични санкции. Главен елемент кој служи за да се разграничи детското престапништво од другите видови на криминалитет е возраста на сторителот на кривичното дело која уште се нарекува и малолетна возраст, а сторителот -дете. Категоријата - дете е настаната во кривичното право како потреба да се издвојат оние лица кои поради својата незрелост не треба да се третираат и казнуваат на

ист начин како и возрасните лица. Кога се определува поимот дете постојат некои општи сфаќања и претпоставки кои оставаат можност за нивно различно толкување. Објективно, малолетност е постигнување на определена возраст, додека субјективно кога се работи за личност во развој која нема постигнато биолошка, емоционална, соматска, интелектуална, емоционална (психолошка) и социјална зрелост и поради тоа не е во состојба да го сфати значењето на своето поведение и да управува со своите постапки. Детето претставува младо лице кое според правниот систем може да одговара за кривично дело на поинаков начин од возрасните лица. Дете кое има проблематично однесување не е делинквент, туку дете кое било изложено на ризик за да стане престапник, да манифестира девијантно однесување И покрај посебната психичка состојба, не може да се допушти определени поведенија на детето да поминат без општествената реакција која укажува на допуштеноста, односно недопуштеноста на таквото поведение во смисла на општествена и правна прифатливост. [3]Детето е определено како незрела и неоформена личност, личност која сеуште е во развој. Незрелост значи биофизичка несозреаност бидејќи сеуште е во фаза на раст и развој. Детето претставува личност која сеуште нема изграден систем на вредности, ниту карактерни особини, емоционално е чувствително и реагира импулсивно. Повекепати е во состојба на расчекор помеѓу желбите и можностите што раѓа незадоволство и фрустрации. Сите дејствија ги прави под големо влијание на нагоните и емоционалната чувствителност. Бидејќи има недостиг на информации и не е во можност да донесе правилна одлука, детето полесно потпага под надворешни влијаниа од други личности односно неговите врсници кои ги обожаваат како идоли или пак примиле некоја критика. Поради недостиг од информации и неможност да донесе релевантна одлука, детето многу лесно потпаѓа под надворешни влијанија од своите врсници Во Република С. Македонија, пред да се донесе законот на ЗПД и неговиот претходник ЗМП – прашањето за кривичната одговорност на децата беше уредено со КЗ. Во член. 71 од КЗ беше определен и поимот на дете, како малолетник кој во времето на вршењето на кривичното дело не наполнил 14 години, додека во член. 82, категоријата помлад полнолетник беше полнолетен извршител кој во времето на вршење на кривичното дело нема наполнет 21 година, односно лице на возраст од 18 до 21 год. Но поради усогласување со меѓународните инструменти во нашиот Закон е одлучено да го користиме терминот „дете“ наместо „малолетник“, Во македонското

[3] Арнаудовски, Љ. (1984):Малолетничко престапништво, Скопје, стр. 25;

казнено законодавство со ЗПД се напушти терминот „малолетник“ и е прифатен единствениот поим „дете“ по самиот пример на КПД. Во КПД „дете” - секое човечко суштество кое не навршило 18 год. од животот, доколку врз основа на закон кој се однесува на детето, полнолетството не се стекнува порано. Главната дефиниција во ЗПД е - дете е секое лице на возраст до 18 години. За да се разграничат различните категории деца според возраст, преземените дејства, состојбите на ризик, мерки и санкции што може изречат, поимите на дете може да се подредат во три групи:

I Деца во ризик: Дете во ризик е секое дете кое наполнило 7, а не наполнило 18 години со телесна попреченост или пречки во менталниот развој, жртва на насилство, не воспитано, кое моментално се наоѓа лоша состојба во која е отежнато или е оневозможено остварувањето на воспитната функција на родителите, односно старателите, кое не е вклучено во системот на образованието и воспитувањето, вовлечено во питање, скитање или проституција, кое употребува дроги и други психотропни супстанции и прекурзори или алкохол, а кое заради сите овие состојби би можело да дојде во судир со закон како жртва или пак како сведок на дејство кое со закон е забрането односно предвидено како прекршок ил како кривично дело. Дете кое е во ризик до 14 годишна возраст е секое дете кое што за време на вршење на дејствата со закон предвидено како кривично дело за кое е утврдена парична казна или затвор над 3 години или дејствие со закон предвидено како прекршок наполнило 7, а не наполнило 14 години. Дете од 14 до 18 годишна возраст кое е во ризик е секое малолетно дете кое за време на вршење на дејството со закон предвидено како кривично дело за кое е утврдена парична казна или затвор до 3 години или дејство со закон кое е предвидено како прекршок наполнило 14, а не наполнило 18 год. Од сите дефиниции може да кажеме дека законодавецот е определен за двојно значење на „ризикот“ кој всушност се однесува на старосната група од 7-18 години. Ризикот ги опфаќа различните ризик фактори кои го загрозуваат правилниот раст, развој, воспитание и социјализација на детето. Токму од овие причини ризик факторите ги определува како состојби поради кое детето во ризик може да дојде во допир со закон и тоа или како жртва или како сведок на дејство кое е кривично дело. Настојувањето е да се одбегне инволвираноста на детето во системот на кривична правда како негов учесник, а не како сторител на кривично дело. Второто битно значење за ризикот е кога е отсустна кривичната одговорност во случај кога детето од 7-14 години презело дејствието кое со закон е предвидено како кривично дело и

за кое е утврдена парична казна или затвор над три години, односно дејствие кое со закон е предвидено како прекршок. Кога ќе започне со примена начелото на целесообразност им се овозможува на органите на кривичниот прогон да не иницираат судска постапка и кон дете во ризик од 14 до 18 години кое има преземено дејство кое со закон е кривично дело и за кое е утврдена парична казна или затвор до 3 години или дејствие кое со закон е предвидено како прекршок. На овој начин ризикот се проширува и врз децата од 14 до 18 годишна возраст, но само во случај кога тие ќе сторат полесно кривично дело кое ќе се одмери согласно пропишаната казна во КЗ.

II. Категорија на деца кои што подлежат на кривична одговорност: Дете во судир со закон од 14 до 16 години е секое дете кое во времето на извршување на дејството законски предвидено како кривично дело за истото е пропишана казна затвор над 3 години нема ссеуште 16 години. Дете кое доага до судир со закон над 16 години е секое дете кое што го извршил дејството односно кривичното дело за кое е утврдена казна затвор над 3 години а нема сеуште полни 18 години. Во оваа група припаѓаат и двете старосни категории деца кои претходно беа означени како „помлади малолетници“ и како „постари малолетници“. Во целост , суштината на кривичната одговорност ќе си остане иста, а само е прифатена нова терминологија, со една важна разлика во однос на кривична одговорност само за потешки кривични дела казниви со затор над 3 години, бидејќи за полесните се применува начелото на целесообразност и истите се третираат како деца во ризик.

III. Дете - жртва

Дете - жртва всушност претставува секое дете до 18 годишна возраст кое има претрпено штета, вклучувајќи физичка или ментална повреда, емотивно страдање, материјална загуба или друга повреда или загрозување на правата и интересите како последица на сторено дејствие со закон предвидено како кривично дело. ЗПД им посветува посебно внимание на децата жртви до 18 години при што за едно дете да има статус жртва потребно е да претрпело некаква штета, повреда, страдање, загуба или загрозување на неговите права и интереси кои се последица на сторено кривично дело. Во корелација со дефиницијата за дете во ризик јасно ни е дека недоволно рано се реагира за откривање и надминување на

ризик факторите поради кои сепак детето доага во директен допир со законот како жртва на кривичното дело.

Помлад полнолетник

Помладо полнолетно лице преставува лице кое додека е пресудено дејството со закон предвидено како кривично дело сеуште не наполнило 21 година. Со , посебен третман за оваа категорија сторители на кривични дела, законодавецот повторно потврдува дека зрелоста и возраста не се одвиваат праволиниски кај сите лица, па потебно ќе биде да се пружи „последна шанса“ за подобар третман и казнување и во однос на лица кои штотуку станале полнолетни. ЗПД нема да судат кон лица од 18 до 21 година и ако тоа лице нареба да се суди има наполнет о21 година во времето на судењето, а ако во време на судењето нема наполнето 21 година, може да му се суди само за потешки кривични дела, но ќе му се изрече мерка на засилен надзор или заводска воспитна мерка.[4]

ГЛАВА III: Поврзаноста на децата со делинквенцијата

[4] Камбовски, В.(2006): Казнено право, општ дел, 2-ри Август Штип, стр. 804

6. Однос и поврзаност на децата и деликвенција

Развојната детска психологија започна интензивно да покажува интерес за проучување на адолесценцијата (lat. adolescere) при крајот од XX век, со оглед на сите позначајни промени во општествено-економскиот контекст на модерното општество, како и подобрени можности за испитување на био-социјалните модели на развојот и со бројни истражувања кои се поврзани за решавање на социјалните проблеми поврзани со адолесцентите кои се манифестираат преку антисоцијално однесување, злоупотреба на недозволени супстанции, прерано впуштање во сексуални односи без свест за ризикот што тоа со себе го носи и сл. Адолесцентниот период од животот може да се подели на рана адолесценција (10-14 години), средна адолесценција (15-19 год.) и доцна адолесцценција (од 20 до 24 год.). Теоретичарите заклучија дека адолесцентите се најстигматизираната оштествена група на којашто ѝ се приоѓа стереотипно, недоволно е јасна категоријата „адолесцент“ со оглед на индустријализацијата и нагласениот техничко-технолошки развиток кој овозможува и на помала годишна возраст децата побргу да созреваат, зрело да размислуваат, да имаат допир со се повеќе информации, да остварат интеракција, а сепак да не се изуми дека станува збор за личност која во физиолошка и когнитивна смисла ниту е дете, ниту возрасен. Токму поради наведениве особини на адолесцентите кои се наоѓаат во период на бурни физички, психолошки и социјални промени, основните постулати на правдата за децата се состојат во акцентирање на обврската на заедницата да се погрижи и да обезбеди услови за нормален раст, развој, благосостојба, воспитување и социјализација. Обврска е на заедницата да му пружи заштита, грижа, помош и контрола на детето во случај кога тоа има поведение кое е неприфатливо, има социо-патолошки карактеристики или е инкриминирачко. Имајќи ја предвид психофизичката состојба на детето, особено е важно да се нагласуваат и збогатуваат можностите за неформален пристап во разрешувањето на состојбите во кои се инволвирани деца. Кај проблематичните деца, и нивно убедување дека постои полицијата, јавното обвинителство и судот и мора да се надмине со аргументите дека успехот во третирање на детското престапништво зависи од институциите инволиврани во општествена, односно во казнената реакција кон

детето. Од сопствената одговорност не може да се изземат училиштето , родителите, и социјалните органи.[5] Класичниот формален приод, односно поведувањето официјална казнена постапка спрема децата треба да биде случај за потешки форми на кривични дела, за повторено правење полесни кривични дела и кога ќе се докаже дека личноста на децата, начинот на правење на делото и мотивите од кои се раководи при правење на делото го оправдуваат ваквиот приод, но и изрекувањето на кривичната санкција. Издвојувањето на децата сторители на дејствија што со закон се предвидени како кривични дела од останатите старосни категории делинквенти и создавањето на посебни законски категории деца е повеќе од нужно, согласно сите меѓународни инструменти кои ги третираат децата.

2. Определба на старосните граници во детството

Историскиот приказ на развојот на положбата и третманот на децата во кривичното право ни покажува дека уште во стариот век одделни правни системи (старото кинеско право, римското право) ги определуваат старосните граници на детсттвото заради посебниот кривично правен третман на децата. Иако некои европски правни системи од средниот век го преземале прецизно определувањето на старосните граници од римското право, се јавуваат и неопределени, еластични граници кои се поврзани со определен достигнат развој на децата. Како критериум за означување на границата на малолетност се зема формалниот критериум на старост (т.е. определен старосен период спрема достигнатиот број на календарски години) или пак материјалниот критериум за вистинска зрелост (спрема достигнатиот степен на биолошки или социјален развој на личноста). На првиот би можело да му се приговори така што фиксната определба на возрасната граница е вештачко решение, затоа што „старосниот период е само временски израз за определба на личноста во даден момент" и со тоа не ја одразува вистинската граница. Од спротивната страна, иако зрелоста е взаемно поврзана со личноста и околината од било кој друг елемент, постојат важни тешкотии во докажување на биолошката и социјалната зрелост на сторителот, поради што овој критериум е неприфатлив. Сосема е јасно зошто во современиот приод се

[5] Камбовски, В.: Казнено право, општ дел, стр.443;

дава значителна предност на формалниот критериум поради неговата јасност и прецизност, така што сите современи законодавства ја определуваат границата на малолетството според фиксираната календарска возраст на детето. Можни се два начина за определување на границата на малолетството. Во некои земји се определува само горната граница, односно возраста кога започнува кривично-правното полнолетство, така што во начело секое малолетно лице треба да биде кривично одговорно за стореното дело. Во модерното законодавство преовладува друг начин по кој о се определува и долната старосна граница, односно периодот кога почнува одговорноста на детето во кривичното право. Децата кои се под определената долна граница на малолетство, немаат потребна возраст за кривична одговорност и остануваат надвор од опфатот на кривичното право. На тој начин определувањето на долната граница на малолетството се врши со разграничување помеѓу деца и малолетници, а со определувањето на горната граница се одвојува категоријата на малолетни од категоријата на возрасни, полнолетни сторители на кривични дела. Конечно, како меродавно време за определување на статусот на малолетноста се зема времето на извршување на кривичното дело, односно времето на водење на кривичната постапка. Вториот пристап во позитивните кривично-правни системи е поредок, бидејќи во случај на подолго траење на кривичната постапка или подоцнежно откривање на кривичното дело, детето кое е извршител на кривичното дело може да ја помине означената горна граница на малолетството и со тоа да го загуби правото да го ползува посебниот третман кој се предвидува за децата. Современите законодавства покажуваат невоедначеност во поглед на висината на долната старосна граница, а ни нејзината смисла и значење не се насекаде исти. Додека, во неколку земји долната граница на малолетството ќе исклучи примена на секакви мерки предвидени со кривичното законодавство (како што се и воспитните мерки), што значи дека со тоа се исклучува било каква и да е форма на кривичното гонење на детето.Во други земји пак долната границ а всушностзначи презумпција на кривичната одговорност, така што со неа би се исклучила само примената на казни од општиот казнен систем. Сето ова покажува дека определувањето на долната граница на кривично-правното малолетство е поврзано со прашањето на кривична одговорност. Исто така и смислата на долната граница е различна со оглед на организацијата на судовите и органите кои се занимаваат со детско престапништво, а долната граница стои и во врска со определувањето на поимот делинквенција на децата на кои може да им се даде различна содржина и ширина. Ако

поимот детско престапништво се сфаќа во екстензивна смисла, а судовите за деца, односно посебните органи покрај судењето на децата како сторители на кривични дела предвидуваат и мерки на социјална заштита на детето, тогаш долната граница на малолетството ќе го изгуби своето значење, со што би се довело во прашање и оправданоста на нејзиното постоење. Спротивно на ова, во земјите каде за постапувањето спрема деца како престапници се надлежни кривични (редовни или посебни) судови, долната граница на малолетството си има своја важност, бидејќи и реакцијата на општеството на кривичното дело на детето во форма на кривична санкција е многу чувствителна. Во поглед на начинот на определување и висината на долната граница на малолетството во одделни земји може да се забележат разновидни решенија. Со оглед на начинот како се определува долната граница, сите земји можеме да ги групираме во три групи:

- земји кои воопшто не ја определуваат долната граница на малолетството;

- земји со еластична долна граница кои за определување на долната граница на кривично-правното малолетство го земаат материјалниот критериум - достигнат степен на биолошки развиток ;

- земји кои ја определуваат долната, фиксната граница на малолетството и ја поврзуваат со достигнатиот број години на живот.

Последниот начин на определување на малолетството го усвојуваат најголем број на земји во светот, но висината на долната граница значајно варира во одделни земји и се движи од 7 до 16 години. Ова е и разбирливо ако знаеме дека висината на границата зависи од најразновидни, социјални, економски, географски, правни, историски и други влијанија во секоја поединечна земја. Најниската долна граница на малолетството ја усвојуваат некои азиско - африкански земји, како на пример, Бурма, Цејлон, Египет, Индија, Ирак, Либија, Пакистан и Сирија, потоа повеќето држави во САД, во Нов Зеланд 7 години, Австралија 7, односно 8 години, додека Израел, Јордан и Филипини определуваат 9 години како граница на малолетството.

2.1.Развојот на казненото право спрема децата

Современите текови при постапка со децата се раководат од определбите содржани во меѓународните инструменти за правда за децата според кои таа треба да се разбере и правилно да се креира како формална компонента на поширокиот приод во справувањето со криминалитетот. Одговорноста, обештетувањето и ресторативната правда ги заменија декриминализацијата, депенализацијата и депривацијата. Во современите текови се појавија повеќе нови правци и нови сфаќања за правдата и приодот кон престапниците. Детството е проследено со недоволен психички и емотивен развиток, отсуството на подолготрајно животно искуство водат кон недоволна способност за самоконтрола, односно управување со сопствените емоции, дразби, желби, потреби, можности и фрустрации. Ставот кон децата во современото општество, и кога ќе преземат дејство кое ги содржи елементите на некое кривично дело, најсилно е изразен преку КПД на ООН, чиишто основни постулати се:

- должност на општеството е да се обезбеди услови за нормален развој и просперитет на секое дете кое може да се развива и формира како творечка личност и да чини сé во интерес на детето и неговото правилно формирање и развој;

- заштита, грижа, помош и контрола на детето кое манифестира негативно, асоцијално, девијантно, делинквентно поведение.

Со тврдењата на Франц фон Лист дека добрата социјална политика претставува најдобра криминална политика, актуелно е согледувањето дека од голема важност за социјалниот мир е да се промовира криминална политика која е насочена кон превенција на антисоцијалното и криминалното поведение, развивањето алтернативни санкции и мерки, водење сметка за потребите на жртвите и нивна поддршка, реинтеграција на сторителите, посебни методи за постапување со децата престапници, како и ресторативната улога на судовите и затворите. Новиот пристап во справување со детското престапништво го карактеризираат настојувања да се подигне свеста и да се поттикне примената на ресторативни и алтернативни мерки но и постапки водејќи сметка за социјалното чинење на кривичните дела како и ефектите кои се очекуваат од криминалната контрола - жртвите поефикасно да ги исполнат своите интереси, сторителите полесно да се реинтегрираат но и да се зајакне довербата на јавноста во казнено правниот систем на земјата Најдобриот

интерес на детето како едно од стожерните начела при кои се заснова КПД е главна идеја во креирање систем на постапување со децата што во фокусот го има третманот наместо казнувањето и пристап кој, ќе нуди помош, грижа, правилен раст, развој и социјализација на младата личност, а не само казни [6]Процедуралните права на детето и инсистирање на принципот на сразмерност во санкционирањето доведе до постапување спрема децата каде што примарна заложба е како децата да се заштитат од „нивните спасители“. Ваквата забелешка произлегла од согледувањето дека честопати кон децата престрого се постапувало, се третирале како криминалци во мало, а со цел да бидат превоспитани им се изрекувале престроги кривични санкции кои не биле соодветни ниту на возраста, а уште помалку на зрелоста на детето. Оттука, прифаќањето на диверзиони и ресторативни модели на постапување со детето се оценува како најсоодветно. КПД преку определбата дека „детето е човек, личност со достоинство и интегритет“ и дека во секое постпување со него треба да се почитува неговата личност и да се следат потребите на неговите развојни фази, придонесе во создавањето и креирањето на ЗПД, да бидат оживотворени Пекиншките правила за постапување со децата, Токиските правила за вонзатворски мерки и Ријадските правила за превенција на детско престапништво. Казнениот систем спрема деца е формална компонента од поширокиот концепт кој, освен активна улога на заедницата и нејзина инволвираност (communitybasedstrategy) во превенирање на детското престапништво, ги опфаќа и органите и Современиот развој на казненото право спрема децата има знак на 3 основни контрадикции. Првата е наследена и се состои во судирот на концепцијата за децата престапници како криминалци во мало или како посебна категорија. Излезот, најчесто се гледа во средно решение (mediavia) кое укажува на сознанието дека меѓу нив и полнолетните престапници постои суштествена разлика: тие, имено, го извршуваат делото во една развојна фаза на личноста во кое не може да ги сфатат сите причини и последици на своето однесување и не може до крај да се однесуваат според општествените барања, формулирани според просечните стандарди за возрасен, свесен и одговорен човек. Заради ова, на детето не треба да му се изрекуваат истите санкции како и на возрасен сторител. Втората контрадикција ја создава внатрешната контрадикција во системот на казненото право спрема деца, распнато меѓу идејата за воспитување и поправање и идејата за

[6] Resolution No.2 on the Social Mission of the Criminal Justice System - Restorative Justice, MJU-26 (2005) Concl., www.coe.int.

ретрибуција и казнување. И двете тенденции се присутни во современите законодавства. Првата е најмногу изразена низ јакнењето на позицијата на воспитните мерки и свртувањето кон алтернативните мерки. Наспроти ваквата ориентација, во последно време во некои законодавства (како што наведовме, пред сé американското) е присутно свртувањето кон репресивните мерки и почесто посегање по казната лишување од слобода. Третата контрадикција е претставена во судирот на моделот на благосостојба (теоријата на parenpatriae), кој влијае врз екстензивна интервенција во сферата на детската делинквенција, и идејата за заштита на правата на детето како престапник. Казненото право спрема деца се наоѓа на крстопат: да продолжи да се развива како воспитно право, што за свој објект ја има грижата за воспитувањето и за развојот на детето, или да се развива во правец на почитување на неговите основни слободи и права, со сите гаранции во казнената постапка, но истовремено и со инсистирање на неговата одговорност. Клучно е прашањето за внатрешното усогласување или двојниот колосек на казненото право спрема деца и правната основа на помошта на децата. За оптимален модел што ги помирува двата спротивставени пристапи денес се смета моделот на четири Д (diversion, de-judiciarisation, de-institutionalisation, dueprocess: одбегнување на казнената постапка, дејуридизација, деинституционализација, процесни гаранции за правична постапка). [7]Во потрагата по баланс меѓу концептот на благосостојба и концептот за правда и за правичност, казненото право спрема деца во последнава декада е под силно влијание на меѓу - народните стандарди и норми за „специјални права“ на децата. Без разлика , од големиот број иновации во системот на санкции, постои еден висок степен на согласност околу оценатa дека тоа останува запоставено прашање на казнено-поправната форма и дека дискрепанцијата со универзалниот корпус на таквите права е зголемена. Единствена насока на современиот казнен систем спрема деца е идентификување и надминување на криминогените фактори, при што позитивните резултати во поголема мера се надоврзуваат на приоди кои овозможуваат да се избегне инволвација на децата во формалниот казнен систем и наметнување пунитивни санкции. Сепак, во оваа смисла главен приоритет имаат ресторативните и неформалните приоди, постапувања и реакции. Правдата за децата во врска со ресторативното постапување се среќава во документи на ООН. Италијанската и Канадската влада во 2000 година поднеле резолуција со предлог за ООН да развијат

[7] Камбовски, В.(2006): Казнено право, општ дел, 2-ри Август Штип, стр. 807;

меѓународни упатства кои ќе им помогнат на државите да прифатат повеќе програми за ресторативна правда. Но од финалниот резултат произлегува Декларацијата за основните принципи за ресторативната правда (позната како UNBasicPrinciples), која што Економскиот и социјален совет ја прифати во јули 2002. Таа содржи повеќе дефиниции со цел за полесно да се разберат нејзините карактеристики. Поголем интерес за ресторативната правда бил изразен и на XI конгрес на ООН одржан во 2005 година во Банкок, Тајланд Ресторативната правда за првпат припаѓа на темите на кои е посветен Конгресот според официјалната агенда во рамките на која основен акцент бил ставен врз организираниот криминалитет и тероризмот. На конгресот е донесена Декларација за активности насочени против организираниот криминал, тероризмот, трговијата со луѓе, перењето пари, корупцијата, компјутерскиот криминали и ресторативната правда. Потоа државите се согласиле да се продолжи со промоција на интересите на жртвите и последователно да се развие ресторативната правда заедно со алтернативите за обвинувањето и правдата за детето. Новите приоди во казнената правда препознаваат неколку модалитети на правдата и тоа:

- правдата како рамнотежа (justiceasbalance) – претставува правец кој што укажува на тоа колку се важни моралните ефекти којшто произлегуваат од кривично дело кое е сторено, но и социјалната улога на казнената правда, која придонесува социјален мир и напредок;

- општествена правда (communitarianjustice) – е правда што тежнее за воспоставување правда без право (justicewithoutlaw), која ја афирмира социјалната контрола насите членови на заедницата, инсистира на едноставност, интимност, еднаквост и сигурност;

- соседска правда (neighborhoodjustice) – е правдата која што има за цел да создаде чувство на срам, потреба за извинување, напори за обештетување, почитување на обичаите и менталитетот на средината во која се случил настанот, а сето ова со основна цел за повторно воспоставување добри меѓусоседски односи.

Диверзионото постапување ги поседува следниве карактеристики:

- насочено е кон целосно откривање на сите причини кои би довеле до недозволеното однесување, а не само по потрага по мотивите за направеното дело,

• основно настојување е во текот на постапката детето да разбере што сторило и какви последици ќе има неговото сторено дело

• специјална превенција и нагласена индивидуализација се карактеристични за целиот тек на постапката, а не само за нејзиниот финален исход,

• реакцијата е насочена кон правилно воспитување, превоспитување но и подобра социјализација, а не и санкционирање заради прекршување на еден определена законска норма,

• реакцијата пред се, создава обврски и за семејството, а не само на детето. Во теоријата познати ни се шест битни претпоставки кои може да се разберат и како основа за диверзионо постапување:

• одбегнување на непотребна стигматизација која нужно следи по изрекување формална казнена санкција

• едукативна диверзиона постапка со акцент на едукација наместо санкција,

• пропорционалност како ограничување на државната интервенција и одбегнување на несоодветни санкции

• т.н. „економичност“ на диверзионото постапување што се состои во редуцирање на сите случаи за кои ќе постапува судот,

• криминолошката основа на диверзионото постапување е инцидентна но е и со незначителна природа на повеќето кривични дела кои се направени од страната на децата,

• зголемени очекувања за идно законито однесувањње.

Тенденциите во кривично правниот систем спрема децата пред се, водат кон експанзија на процедурални гаранции од една страна и ограничување, односно намалување на интензитетот на интервенциите. Советот на Европа всушност препорачува да се користат

диверзиони постапувања со децата со чија цел да се избегне нивно инволвирање во казнено-правниот систем. Препорачано е проширување на овластувањата на обвинителството или со прекин на постапката или со откажување од гонење, обезбедување согласност од детето, а примената на мерката ни подразбира активна соработка со фамилијата на децата. Промоцијата на алтернативните би придонело да се зајакнат напорите да се дефинираат стандарди за санкциите и мерките коишто ќе можат да се применуваат кон децата коишто се сторители на кривични дела. Во таа смисла Советот за пенолошка соработка (PC-CP) кој е во рамките на Европскиот комитет за казнени проблеми на Советот на Европа (CDPC) доби еден дополнителен мандат за подготовка на нацрт Европски правила кои се однесуваат за малолетни сторители што се лишени од слобода или пак подложени на алтернативни санкции и мерки применувани во заедницата. Притоа, се имаат во предвид не само препораките што се донесени во Советот на Европа, туку и меѓународните стандарди на ООН и извештаите на Комитетот за превенција од тортура. [8]

3. Компаративни трендови за правдата на децата

Познато ни е дека во поголемиот број држави во светот ,постојат успешни реформи на полето на справување со детското престапништво, при што предност ќе имаат мерките кои се со воспитен карактер и акцентот им е ставен врз специјалната превенција. Забележително е дека динамичниот прогрес во системите на правда за децата во многу европски земји, поранешните советски држави и поранешните југословенски држави. Но не само што правдата за децата го доби својот идентитет во казнената правда, туку и се зајакнаа и процедуралните гаранции и интервенции кои што водат сметка за сите потреби на децата Диверзиони начини на постапување постојат во повеќе европски држави, од кои би ги издвоил следните:

- во Р. Германија сите неформални диверзиони санкции се изречени во близу 70% од детските случаи од кои 50% се диверзиони мерки од обвинителството без никакви посебни обврски, а потоа се диверзионите мерки од обвинителството со обврски, па потоа и

[8] Frieder Dünkel,Diversion: A Meaningful and Successful Alternative to Punishment in European Juvenile Justice Systems, Reforming Juvenile Justice, (eds. Junger-Tas/ Dünkel), Springer, 2008, стр. 149.

диверзиони мерки од судот и неформалните санкции. Иако ни е познато дека во Германија постои разноликост помеѓу различните држави, сепак стапката на диверзионото постапување во 2006 година изнесувала 69%. Притоа, стапката на повторништво изнесува вкупно 27%. Измените во областа на правда за децата во Германија потекнуваат од праксата, тоа е процес во германскиот систем кој е наречен "reformthroughpractice" и тој подразбира иновативен однос кој што во постапувањето го внесуваат обвинителите ,социјалните работници, и судиите за деца кои што се како најинволвирани во сите предности и можностите на ресторативноста;

- во Велика Британија постои полициско диверзионо постапување каде што полицијата издава предупредувања на делото до обвинителството што ќе значи отпочнување формална судска постапка;

- Австрија од 1988 ги воведува формите на диверзионо постапување со или без интервенции при што се користи негонење како резултат на целесообразност или медијација сторител-жртва.

Диверзионото постапување опфаќа 69% од сите одлуки што ги донеле судовите, а 10,5% отпаѓа на медијацијата;

- во Белгија во реформата од 2007 год. се прифатија повеќето заштитни мерки со едукативен карактер и ресторативни мерки, медијација и семејна групна конференција. Медијацијата има најголема примена, од сите случаи 85% на медијацијата се упатени од обвинителот, додека судот само 15% од случаите ги упатува на медијација. И во Белгија процентот на диверзиони постапувања и крајни ефекти е доста висок и опфаќа околу 70% од сите случаи спрема децата;

- во Грција со самите измени на ЗКП од 2003 година се овозможува диверзионо постапување на јавниот обвинител со што ќе се наметнат воспитни мерки кои се насочени кон обештетување или пак репарација по кое исполнување ќе се запре постапувањето;

- Чешката република од 2003 година го приширила законодавството во правец на можностите за негонење поради диверзионо постапување и одлучување од страна на јавниот обвинител;

Во Англија и Велс постојат форми кои се нарачени YOT (youthoffendingteam) и т.н. YOP (youthoffenderpanel). Првото тело е доста пошироко и во форма на една дискусиона група се опфатени сторителот и членовите на неговото најблиско семејство, жртвата и најблиските на жртвата, потоа претставници од училиштата во кое што учат но и од месната заедница (непосредна локална заедница). Средбите се одвиваат во таа средина во која што живеат децата. За разлика од ова тело, второво тело има 3 члена од кои едниот е сторител и има една цел а тоа е цел да изнајде најсоодветно решение да се надмине настанатата ситуација по конкретниот настан: извинување, обештетување, и некои носењето на одлука од судот (а откако се дефинирале фактите сврзани за кривичното дело и личноста на детето), се наметнуваат посебни задачи за него и ако тој ги почитува но и оствари не може да се донесе никаква судска пресуда и воопшто не се создава криминално досие на детето. Сепак времетраењето на наметнатите обврски може да се движи измеѓу 3 и 12 месеци, а тие може да се состојат во обврска за обештетување (reparationorder), вршење општокорисна работа или извесни дејства заради компензирање за нанесената штета (compensationorders), наредби кои се за вршење на надзор врз односот на детето (supervisionorders) како и медијациски активности. Со упатувачката наредба мора да биде согласен оштетениот кој е вклучен во сите активности на YOT кој што создава трочлен YOP во кој задолжително е присутно детето и има за цел да го амортизира гневот кај оштетениот, агресивноста кај детето и да се постигне една спогодба . YOT го мониторира придржувањето на задачите но и однесувањето на детето во тој контекст. Сите методи на работа подразбираат вклучување на најзасегнатите - инволвираност, party - oriented, активен однос во надминување на проблемот - партиципативност, дијалог во заедницата кој е на половина пат помеѓу фамилијата и правосудните институции (чиешто постапување е законски пропишано и поведувањето на постапката има соодветни импликации), корелација и надополнување на 3 фактори: одговорност, превенција и вклученост .Но приодот кон децата во својата основа содржи, 3 значајни модели: алтернативи за гонењето, медијација со репарација - како судски епилог и наметнување обврски пред пресудување - т.н. упатувачки наредби

(refferalorders). Со постапките кон децата ни се прикажува една низа на форми на алтернативи за гонењето - како да се одбегне сложениот механизам на правосудно постапување, а да се дојде до заедничко прифатливо решение кое значи надминување на сите можни проблеми и детекција на сите причини кои доведуваат до настанот. Алтернативиите за гонењето се всушност и резултат на сé поприсутното начело на минимална интервенција кое што подразбира казнена постапка и реакција само ако се прикаже како неизбежно, интевенциите кон детето треба да се доста соодветни и ненаметливи се додека тоа однесувањето ќе го дозволи. Постојат и држави кои познаваат полициско диверзионо постапување –тоа е кога полицијата има овластување да наметне извесни обврски со цел да не покрене кривична пријава Но со пружање на "втора шанса" е прикажан факт кој треба детето вистински да го разбере за потоа и да го прифати. Од една страна, имајќи го предвид степенот на психофизички развиток на детето, мора да се согласиме дека е лошо да отсуствува реакција, но од друга страна е важно како детето да го вратиме кон правиот пат со наметнување дополнителни обврски, секако кога самиот настан тоа го дозволува (тежина на делото, последиците од него, однесувањето на детето). [9]Со самата промена во пристапот и во реакцијата кога во настанот е инволвирано детето е резултат од меѓународните инструменти кои инсистираат на имплементирање методи за социјална интеграција на младите луѓе, организирање посебни специјализирани програми и помош за младите лица во училиштата со цел за нивна подобра интеграција и социјализација

Сите компаративни решенија ни покажуваат дека сé поголем е бројот на оние држави кои прифаќаат модел на постапување со децата кој подразбира одбегнување на класичната кривична постапка и санкционирање за сметка на проширени можности на социјалните, пробациските и образовните служби и начелото за обезбедување најдобар интерес на детето е раководно начело и во казнениот систем и во системот кој се заснова на благосостојбата на детето како приоритетна цел. Доколку се вкрстат законодавниот приод и санкционата практика, може да се направи следнава поделба на малолетничките модели што постојат во Европа, со укажување дека нема држава со чист модел, туку најчесто моделите се комбинирани во зависност од околностите на случајот и својствата на детето. Настојувајќи,

[9] Recommendation No. R (87) 20 on social reaction to juvenile delinquency, 17.09.1987

сепак, да се направи поделба на моделите на постапување со децата внимание заслужува следнава поделба:

- модел на благосостојба (welfaremodel) кој го има во Белгија, Германија, , Бугарија, Франција Полска и скандинавските држави во кои како примарна цел на системот е да му се пружи помош на сторителот и да се оствари негово поправање и правилен развиток преку воспитни мерки и интервенции.

Во овој модел на постапување не се опфатени само криминалните однесувања, туку и девијантните, односно однесувања кои значат ризик од идно криминално однесување;

- модел на правичност (justicemodel) во овој модел главна и основна цел е одбегнување да се изречат подолготрајни интервенции со изговор дека се тие во најдобар интерес на детето. Оттука, овој модел инсистира на процедурална правичност која опфаќа права и гаранции што мора да ги ужива детето, санкциите мора да имаат определена содржина и сразмерна природа, а правниците играат главна улога во постапувањето и утврдувањето на реакцијата. Во оваа група спаѓаат Германија и скандинавските држави;

- модел на партиципативност (participatorymodel) кој подразбира неормален пристап и фаворизира минимална интервенција. Во дадениот модел постапуваат образовни и социјални органи кои се надвор од правосудниот систем. На европско тло добар пример за ваков приод претставуваат Children'sHearingSystem што постои во Шкотска, а во светски рамки постои и успешно се применува во Јапонија;

- модифициран модел на правичност (modifiedjusticemodel) постои во Холандија и во Германија, а надвор од Европа е застапен во Канада. Во рамките на овој модел благосостојбата се остварува на тој начин што одговорноста и заштитата на општеството влијае врз легислативниот приод и води кон ублажување на одговорноста и нагласување на посебните потреби на детето;

- модел на контрола на криминалитетот (crimecontrolmodel) е многу сличен со казнениот приод спрема полнолетните сторители, се нагласува улогата на казнениот прогон,

активноста на обвинителството и пунитивноста во санкционирањето. Овој модел го има во САД, а од европските земји го има во Унгарија;

• корпоративен модел (corporatistmodel) е интер институционално соработување на полето на правда за децата.

Како подетален пример за овој приод ќе истакнам дека се Англија и Велс каде што постојат т.н. Youthoffendingteams кои како форма на едни дискусиони групи содржани од социјални работници и службеници од пробациски, полициски и образовни органи коишто заеднички ќе постапуваат со една цел а тоа е да се пронајдат најсоодветни одговори на детското престапништво имајќи ги предвид околностите на случајот, но и опасноста од идно повторништво. Во разговорите учествуваат сторителот и членовите на неговот најблиско семејство, жртвата и неговите најблиски, претставници од училишни установи и од непосредната локална заедница. Т.н. Youthoffendingteam формира трочлени т.н. Youthoffenderpanel чијшто член е сторителот и има за цел да пронајде најсоодветно решение за да се надмине настанатата ситуација по конкретниот настан: извинување, обештетување, дополнителни обврски кон сторителот и сл. т.н. Youthoffendingteam го мониторира придржувањето кон обврските и однесувањето на детето во тој контекст. Потврда на согледувањето дека е тешко, па честопати и неблагодарно да се прават поделби, е и следниов обид во кој авторите поаѓаат од разликите што ги имаат системите кои фаворизираат интевенционистички модел наместо класично казнување на децата и утврдиле постоење на три модели:

• моделот на минимална интервенција (minimuminterventionmodel) има за цел спречување на стигматизација со промовирање диверзионо постапување и одбегнување на класичната кривична постапка. Позната ни е основата на овој модел а тоа е дека интензивното и строгото казнување на децата има контрапродуктивен ефект врз детето и неговиот подобар развој и правилна социјализација. Овој модел се среќава во Австрија, Германија, Шкотска;

• модел на ресторативна правда (restorativejusticemodel) во кој првичен приоритет имаат вонсудските начини кои служат да се разрешат сите конфликти. Реинтеграцијата и правилно социјализирање на детето кое што е сторител се остварува преку мерки и

постапки во кои се вклучуваат жртвата ,сторителот, и заедницата: медијација, семејна групна конференција и други форми.

Во најзастапена мерка спаѓа медијацијата која постои во поголем број европски држави;

• нео-корективен модел (neo-correctionalistmodel) во кој се укажува на потребата сторителот да стане свесен за она што го сторил, но покрај сторителот се вклучуваат и неговите родители кои, во некои случаи, може да се предмет на мерки и интервенции

Во Англија и Велс овие интервенции се нарекуваат „наредби за родителите (parentingorders)". Сите процеси кои се реформски водат кон комбинирање на различни модели и отсуство на чист модел на постапување со децата. Во последната декада се забележува засилување на моделот на правдата за децата, воспоставување односно проширување на процедуралните гаранции со сè поголемо инсистирање на начелото на сразмерност, од една страна, но и фаворизирање на моделот на минимална интервенција кај децата и ресторативните елементи во постапувањето и реакцијата.Сепак моделот што е за минимално интервенирање ќе води кон фаворизирање на неформалното постапување кое има 2 компоненти оати: диверзиони модели во постапувањето што значат одбегнување на класичната казнена постапка и проширување на алтернативните мерки и санкции (communitysanctionsandmeasures) кои би можело да им се определат на децата.

ГЛАВА 4: МЕЃУНАРОДНИ ИНСТРУМЕНТИ ПРИ САНКЦИОНИРАЊЕ НА ДЕЦАТА

1. Меѓународни инструменти на ООН и СЕ

Системот на санкции спрема децата што ги предвидуаат одделни држави се резулат од влијанието на меѓународните инструменти на ООН и на СЕ кои имаат за цел да ги постават основните стандарди и начела во однос на санкциите спрема децата и да придонесат кон компатибилност на санкциите во домицилните системи на правда за децата. Во контекст на санкциите спрема децата внимание заслужуваат:

- Препораката на Советот на Европа за кадрите задолжени за спроведување на санкции и мерки;
- Препораката на Советот на Европа ЦМ/РЕЦ(2008) за Европските правила за малолетни престапници субјекти на казнени санкции или мерки;
- Препораката на Советот на Европа Рец(2000) за унапредување на примената на Европските правила за санкциите и мерките кои се применуваат во заедницата; Препораката на Советот на Европа Рец(2003) за условниот отпуст;
- Препораката на Советот на Европа ЦМ/РЕЦ(2010) за пробациските правила.

Спрема вонзатворските мерки најголемо внимание заслужуваат Токиските правила, кои што помагаат за добивање на целосна слика за вонзатворските мерки. Токиските правила ни претставуваат еден значаен клучен документ во меѓународните инструменти за правдата за децата. Нивното усовојување се надоврзува на упатствата на ОН за превенција на малолетничката делинквенција (Ријадски упатства) и правилата на ОН за заштита на децата лишени од слобода – Хавански Правила. Со оглед на трендовите во правдата за деца кои заговараат развој на диверзионите шеми и примена на мерки без примена на затворска казна, сите современи законодавства треба да се ангажираат за промоција на нивните принципи. Сите Токискит правила прикажуваат целосна слика на сето она кое штоба тр да се земе во предвид со цел за големо унапредување, развој и примена на вонзатворски мерки вклучувајќи ги преткривичните диверзиони програми. Токиските правила исто така се применети и спрема децата во судир со законот „во сите фази на кривична постапка“ и да ги потикнуваат државите членки да развијат еден „широк спектар на оперативни мерки на институционален третман, почнувајќи од оние пред поведување на кривичната постапка до оние по изрекувањето на пресуда“. Правилата ја прикажуваат потребата на државите кои се потписнички да прифатат вонзатворски мерки со тие ќе биде воспоставена „рамнотежа помеѓу правата на секој поединечен престапник, правата на жртвите и грижа на

општеството за својата јавна безбедност и успешна превенција од криминалот“. Токиските правила јасно ги дефинираат средствата на минимална правна заштита и права кои на детето му припаѓаат само кога кон детето се определуваат и вонзатворски мерки. Правилата, пред се, поттикнуваат користење на мерки кои се спроведени пред судењето (уште наречени како диверзиони шеми) со овластување на обвинителството, а во соработка со полицијата и останатите служби, да се ослободи сторителот на делотот или да му се определи примена „на некоја соодветна алтернативна мерка“. Правилата прикажуваат определени форми вонзатворски мерки кои се применуваат и предвидуваат минимални стандарди за нивната имплементација. Помеѓу предложените вонзаводски мерки кои се опфатени со Токиските правила се: условна осуда , укор, конфискација, парична казна реституција на жртвите, општокорисна работа, пробација, куќен затвор и тн. Со Токиските правила може да се преземат мерки откако детото ја издржало затворската казна за да му помогне за негова поуспешна реинтегрира и тоа: отсуство и сместување во установи каде ќе му се пружи помош за полесна социјализација (halfwayhouses), отпуст заради работа или образование, условен отпуст, помилување и скратени казни Правилата потикнуваат и учество на општествената заедница и користење на ресурсите на заедницата во применување на алтернативни мерки и диверзиони шеми.За да се обезбеди поголема флексибилност согласно со природата и тежината на стореиот престап, со личноста и потеклото на престапниците со заштитата на заедницата, за да се избегне непотребно користење на затворски казни, системот на кривичното законодавство треба да обезбеди голем спектар на вонзатворски мерки, од мерки кои се донесуваат пред судењето до оние кои се донесуваат по изрекувањето на пресудата. Бројот и видот на вонзатворски мерки треба да се одреди така што доследното казнување и понатаму ќе биде можно. Развивањето на новите вонзатворски мерки треба да се охрабри потоа систематски да се оценува и внимателно да се следи. Детално е потребно разгледување на можноста проблемот со престапниците да се решава на ниво на локална заедница во мерка во која е тоа можно без користење на судска постапка или судење, со користење правна заштита во согласност со законот. Вонзатворските мерки се применети во согласност со принципот на минимална интевенција. Примената на вонзатворските мерки треба да биде чекор во правец на укинување на казнувањата и декриминализација, а не пречка за движење или успорување на движењата во тој правец. Според Токиските правила, воведувањето, дефинирањето и

спроведувањето на вонзатворските мерки се уредува со закон. Изборот на вонзатворските мерки се заснова на утврдени критериуми за природата и тежината на престапот и за личноста и потеклото на престапникот, за целта на казнувањето и правата на жртвата. Судските или други овластени органи треба да имаат дискреционо право да ги следат сите фази на судската постапка и да обезбедат полна одговорност на сите учесници во процесот во согласност со законот. Вонзатворските мерки со кои се наметнува обврска на престапникот, а кои се применуваат пред званичната судска постапка или судење, односно наместо нив, може да се применат само со согласност на престапникот. Одлуките за примена на вонзатворските мерки подлежат на ревизија од страна на судскиот или некој друг надлежен орган, а на барање на престапникот. Престапниците имаат право да поднесат барање и жалба до судскиот или некој друг независен орган по повод работите кои влијаат на остварување на нивните права, а во врска со приемната на вонзатворските мерки. Треба да се обезбеди соодветен механизам за поднесување барање или жалба и ако е можно за постапување по жалбите кои се однесуваат на кршење на меѓународно признаени човекови права. Вонзатворските мерки не подразбираат медицински или психолошки експерименти над престапниците или нивно излагање на непотребен ризик па да бидат физички или психички повредени. Секогаш треба да се штити достоинството на престапниците на кои им се изречени вонзатворските мерки. При примената на вонзатворските мерки правата на престапниците не се ограничуваат во поголема мерка од оние кои ги има пропишано надлежниот орган кој ја донел и првичната одлука за казната. При примената на вонзатворските мерки се почитува правото на приватност на престапникот како и правото на приватност на членовите на неговото семејството. Сите лични информации за престапникот се строго доверливи и не се достапни на трети лица. Пристапот до сите податоци се ограничува на лица кои што се директно заинтересирани за да се реши на случајот на престапникот или на други овластени лица

2. Санкции спрема децата

Секоја санкција или мерка која што ќе се изрече на дете над 14 години треба да одговара на неговата личност, тежината на дејствието што со закон е предвидено како прекршок или

кривично дело и неговите последици, како и потребата од негово воспитување, превоспитување, образование и развој, заради обезбедување и заштита на интересот што е најповолен за детето. На мислење сме дека судот секогаш во прв план треба да ги има мерките, односно снакциите кои директно влијаат врз отстранувањето на причините што влијаеле врз детето преку криминалната активност да ги задоволува своите потреби или да ги „разрешува“ своите проблеми. Казнената одговорност на децата сепак не е сама од себе Со нејзиното утврдување треба да ја изрази одговорноста за стореното казнено дело, одговор на способноста лицето да ја поднесе казнената санкција и второ да се определи видот на санкцијата која би одговарала на тежината на злото што е нанесено со казненото дело, но и самата личноста на делинквентот. Главната и основна цел е да бидат докажани сите причини кои ќе придонесат до кривична одговорност и со општествената реакција (мерка или санкција) да се влијае врз причините што придонесуваат за инкриминираното однесување на детето. Конечно, кодификацијата на материјално и процесното законодавство во еден закон во кој покрај регулирањето на казнениот систем, казнената постапка и системот на санкции кои може да им бидат изречени на децата кои се сторители на дејствија што со закон се предвидени и како кривични дела како и заштитата на децата, како сведоци или жртви на кривични дела, се содржани и одредби во однос на превенцијата на детското престапништво, значи осовременување и следење на новите трендови во практиката и теоријата за положбата на децата во системот на правдата за децата во нашата држава Во системот на кривични санкции кои што може да им се изречат на деца се предвидени повеќе санкции по вид и тежина, што овозможува нагласена специјална превенција. Во нашето казнено законодавство за децата постои голема и силна тенденција да се сведи на минимум целосното изрекување на санкции на децата, односно тоа се сфаќа како последно решение со искористувањето на сите можности кои што во нивната основа ја имаат ресторативната правда, и се превентивни наместо репресивни. Главната цел на казните ,воспитните мерки , алтернативните мерки и на прекршочните санкции е преку давање помош и заштита на децата со што ќе се изврши надзор над нив, со нивно оспособување на нивната лична одговорнос и стручно развивање да се обезбеди нивно превоспитување ,воспитување, и правилен развој. Но овој систем на санкции е одликуван со една особена превентивност, кој за разлика од системот на санкции за полнолетни сторители кој во својата основа е репресивен. Надлежниот суд заради сите овие услови

изрекува казна само ако не е оправдано изрекувањето на алтернативна или воспитна мерка. Казната која што се состои во лишување од слобода, надлежниот суд може да изрече само кога целта на воспитните мерки, казнувањето или алтернативните мерки не може да се постигне со мерки на помош и заштита. Ако се изрече некоја потешка санкција или санкција којашто се состои во лишување од слобода, надлежниот суд посебно ги образложува причините за нејзиното изрекување. Исто така системот на санкции за деца се одликува и со особена индивидуализација при определувањето на санкцијата која што ќе биде изречена, тргнувајќи првично од правилото санкцијата што ќе се изрече на детето самото да одговара на тежината на стореното кривично дело на неговата личност, и неговите последици, потребата од неговото воспитување, превоспитување, образование и развој, а сето тоа е се разбира заради обезбедување и заштита на најнеопходниот интерес за детето. Сите превземани мерки спрема децата кои имаат направено некакво дело, треба да придонесат кон зајакнување на почитта којашто детето ја има спрема општествените вредности. Потоа да го поттикнуваат надоместувањето на штетата предизвикана на жртвите и заедницата. Но санкциите треба да бидат од важност за конкретното дете, земјаќи ги предвид неговите потреби и ниво на развој. Кога тоа е можно, во процесот на реинтеграција и рехабилитација на детето, треба да бидат вклучени и родителите, поширокото семејство, институциите од социјален и друг карактер и заедницата . Наважно е пропорционалноста на изречената санкција со својствата на детето. и тежината на стореното кривично дело Меѓународните стандарди пропишуваат дека во секој поединечен случај изречената казна мора да биде пропорционална на сериозноста на стореното дело на условите и на личната состојба на детето, како и на потребите што ги има општеството. Со оглед на нивната природа, пред одмерување на казните потребно е да се изврши детална анализа на околносите на случајот и личната ситуација во која се наоѓа детето. Оваа детална проценка треба да се направи колку што е можно побрзо, после лишувањето од слобода на детето. Во некои случаи оценката која што е веќе направена од страна на социјалниот работник, мода да не обезбедува доволно информации за детето, па затоа и судијата треба да има можност да побара дополнителна оценка во ситуација кога:

• судот има некоја причина да верува дека детето има некаква физичка или ментална болест или нарушување, емоционална вознемиреност психолошко нарушување, или потешкотии во учењето и ментална нестабилност;

• детето е повторник;

• детето е обвинето за извршено насилно и сериозно кривично дело.

Едно од фундаменталните начела е дека кривичната санкција мора да биде пропорционална на сериозноста на стореното дело и степенот на кривичната одговорност на детето при што судот мора да ги земе предвид следниве фактори поврзани со предизвиканата штета за жртвите, тежината на стореното кривично дело, претходна осудуваност и сите олеснителни и отежителни околности поврзани со детето, односно со стореното дело, кои се релевантни за конкретниот случај. Сепак, при оценувањето на сите овие фактори, судот не смее да заборави и дека: само еден мал број деца сторители се навистина „сторители на тешки кривични дела; висок степен на безбедност е потребен само за сторителите од највисок ризик; стореното дело не е точен индикатор за ризик од правење на други дела; приоритетот на санкционирањето треба да биде ресоцијализацијата, а не казните; контактите со остатокот од заедницата може да ја зајакнуваат одговорноста на самата заедница

3. Видови санкции спрема децата

3.1.Воспитни мерки

Воспитните мерки се казнено правни санкции што се состојат во заштита, помош, надзор, стручно оспособување и развивање на личната одговорност на детето и имаат за цел негово воспитување, превоспитување и правилен развој. Се работи за санкции раководени исклучително од идејата за превенција. Постоењето на овие мерки е во согласност со основните начела содржани во Европските правила за децата сторители на кривични дела подложени на санкции и мерки, според кои санкциите и мерките што се изрекуваат и нивната имплементација треба да се засноваат на принципите на социјална интеграција и образование, а со цел за спречување идно повторување. Воспитните мерки може да му се

изречат на дете над 14 годишна возраст кое сторило дејствие кое со закон е предвидено како кривично дело. При избирање на воспитна мерка судот најпрвен ќе ја земе предвид возраста на детето, средината и приликите во кои што живеел, тежината на стореното дејство, колкав е степенот на неговата душевна развиеност, неговите психички својства, причините поради кои што го сторил дејството, наклонетостите, дотогашното воспитување, дали спрема него порано била изречена воспитна мерка или казна затвор за деца и сите други околности што влијаат врз определувањето на видот на мерката за постигнување на нејзината цел определена со закон. Воспитните мерки претставуваат кривични санкции со кои примерно се реагира на кривичните дела извршени од деца. При определување на воспитни мерки детето не се огласува за виновно, со оглед на фактот што примарна цел е утврдувањето на степенот на душевната развиеност и зрелост на детето, приликите во кои живее и околностите во кои се развива.

Воспитни мерки кои што може да се изреччат кај децата се:

- Укор или упатување во центар за деца;
- Засилен надзор од страна на родителот, или старателот,
- Засилен надзор од згрижувачкото семејство или
- Засилен надзор од страна на ЦСР.

Заводските мерки претставуваат упатување во воспитна установа или воспитно поправен дом

3.2.Алтернативни мерки

Под влијание на меѓународните документи кои промовираат мерки кои немаат за цел институционален третман, туку значат наметнување обврски или забрани без лишување од слобода, и македонскиот законодавец се определи за прифаќање на алтернативите мерки. Алтернативните мерки се дел од КЗ околу 10тина година, а еден дел од нив може да се применуваат кон деца. Целта на алтернативните мерки е спрема детето кое е кривично одговорно и е над 16 годишна возраст да не се примени казна кога тоа не е нужно заради

спречување на вршење на дејствија што со закон се предвидени како кривични дела и кога може да се очекува дека предупредувањето со закана за казна и примената на мерки на помош, заштита и надзор на слобода доволно ќе влијае врз неговото превоспитување ,воспитување, но и правилен развој. На дете што е кривично одговорно и има над 16 години за стореното дело, што со закон е предвидено како кривично дело може да му се изречат следниве алтернативни мерки:

, • условна осуда со заштитен надзор,

• условно прекинување на водење на постапка спрема детето и

• општокорисна работа.

Одредбите од КЗ за алтернативните мерки се однесуваат и на нивното изрекување на деца над 16 годишна возраст, доколку со ЗПД поинаку не е определено. Алтернативна мерка судот може да изрече само кога постои изрична и слободно изразена волја на детето во постапка во која се почитувани неговите права. Условна осуда со заштитен надзор. Оваа алтернативна мерка, судот може да ја изрече кога на детето му е утврдена парична казна или пак казна од затвор во траење до 3години Ако на детето му е утврдена и казна затвор за деца и парична казна, судот може да изрече условна осуда за двете казни или само за казната затвор за деца. Времето за проверување судот го определува во траење кое не може да биде пократко од една, ниту подолго од три години. Заштитниот надзор се состои во една или повеќе обврски кои се идентични со обврските што може да се изречат кај воспитните мерки на засилен надзор (поднаслов 3.1.2. од оваа Глава), за кои детето е должно да се придржува во времето за проверување. Помош и грижа, надзор и заштита во исполнувањето на обврските од страна на детето врши ЦСР кој е должен со практични совети да го поттикнува и да му помага во нивното исполнување, да соработува со родителите, односно старателите и повремено, а најмалку еднаш на три месеци, да го известува судот за состојбите со исполнувањето на определените обврски. Судот ќе ја отповика условната осуда со заштитен надзор доколку детето во времето за проверување не ги исполни зададени обврски кои што се определени од судот или ако направи едно или повеќе дејства кои што со закон се предвидени како кривични дела за кои е утврдена казна затвор за деца во траење подолго од 3 години, или ако по изрекувањето на условната осуда со заштитен

надзор утврди дека детето извршило дејство кое што со закон се предвидува како кривично дело пред да биде изречена некоја условна осуда со заштитен надзор и дека е неопходна казна за претходно сторените дејства кои што се предвидени како кривични дела. Условно прекинување на постапката- Следнава алтернативна мерка судот може да ја додели надете над 16 години за дејство кое што со закон е предвидено како кривично дело за кое што е утврдена парична казна или казна затвор до 5 години, ако детето ги отстранило последиците на делото, доколку изразило каење за извршеното дело доколку некако ја надоместило штетата или пак се има помирено со оштетениот, кој што е согласен со прекин на постапката, под услов во рок од 2 години детето да не направи никакво друго дејство кое што со закон е предвидено како кривично дело.

Општокорисна работа- Судот на кривично одговорно дете кое е над 16 години и има направено некакво дејство кое што со закон е предвидено како кривично дело за кое е утврдена парична казна или казна затвор до 3 години да му изрече мерка на општокорисна работа која може да трае од 5 до 100 часа кога е потребно со оваа мерка да се спроведе воспитно влијание врз личноста и врз поведението на децата

Надзор над исполнувањето на работните обврски на детето врши ЦСР кој е должен повремено, минимун еднаш месечно, да го извести судот за самото вршење на мерката. Доколку детето не ги исполни или неуредно ги исполни наложените работни обврски, судот ќе ја замени оваа мерка со мерката упатување во центар за деца или со мерка на засилен целосен надзор, под условите кои што се предвидени за нивнотизрекување, земајќи го предвид делот од обврските што е веќе исполнет.

Мерки на безбедност - Во определени случаи зависно од својствата на детето се наметнува како неопходно тоа да се подложи на соодветно лекување односно на добар медицински третман Мерките на безбедност се уредени во КЗ, а ЗПД содржи само определени специфики во однос на децата. Целта на мерките на безбедност е да се отстранат состојбите или условите што може да влијаат детето во иднина да врши кривични дела. Од мерките на безбедност предвидени во КЗ, спрема децата може да се определат следниве три вида:

- задолжително чување во здравствена установа и психијатриско лекување

- задолжително психијатриско лекување на слобода,

- задолжително лекување на деца од зависности.

Спрема дете кое е непресметливо под условите што се утврдени со КЗ може да се изрече мерка на безбедност што опфака задолжително психијатриско лекување и чување во здравствена установа и задолжително психијатриско лекување на слобода. Мерка на безбедност, по правило, може да се изрече спрема дете, под условите утврдени со КЗ, но кон воспитната мерка или казната затвор за деца.

Но ако се работи за дете зависник, спрема него судот може да изрече мерка на безбедност задолжително лекување на деца од зависности и без изрекување на воспитна мерка или казна. Во случај кога мерката задолжително лекување на деца од зависности се изрекува со воспитна мерка или казна, таа се извршува во специјализирано одделение на установата. Времето кое ќе се помине во установа за извршување на мерката на безбедност се засметува во изречената казна затвор за деца или заводска мерка. По извршувањето на мерката на безбедност, судот е тој што треба да одлучи дали ќе продолжи извршувањето на казната затвор за деца и заводската мерка.

3.3.Казни

3.3.1. Видови казни за деца и услови за нивно изрекување

Поаѓајќи од определбата на ЗПД дека секогаш треба да им се даде предност на превентивните, заштитните и воспитните мерки, казните се сметаат како најстрога казнена реакција која што се надоврзува на најтешки форми на кривични дела. Казна може да се изрече спрема кривично одговорно дете над 16 години само ако поради тешките последици од стореното дело и високиот степен на кривичната одговорност не би било оправдано да се изрече воспитна мерка. Под условите определени со ЗПД, на дете во судир со законот на возраст над 16 години може да му се изрече една од следниве казни:

- Затвор за деца,

- Парична казна,
- Забрана за управување со моторно возило или
- Протерување на странец од земјата.

3.3.2. Затвор за деца

Затворот за деца може да се изрече единствено како главна казна и тоа на дете кое е кривично одговорно над 16 полни години кое сторило дејство кое што со закон е предвидено како кривично дело, за кое е утврдена казна затвор од 5 години или потешка казна, доколку делото е сторено под особено отежнувачки околности и при висок степен на кривична одговорност на сторителот. Овие околности не оправдуваат за изрекување на воспитна мерка. Затворот за деца не може да биде пократок од 1 или подолг од 10 години, а се изрекува на полни години или на половина година. При одмерување на казната судот не може да изрече затвор за деца во траење подолго од казната пропишана за тоа дело, но судот не е врзан за најмалата пропишана мерка на таа казна (чл. 51 од ЗПД). Но, при самото одмерување на казната затвор за деца, судот во предвид ќе ги земе сите релевантни околности кои што влијаат врз должината на казната, со тоа што ке се води посебна сметка за душевната развиеност на детето како и за времето кое што е потребно за негово превоспитување, воспитување, и стручно оспособување. Детето кое веќе е сместено во затвор за деца може да се пушти на условен отпуст ако има издржано најмалку една третина, но не пред да издржи 1 година од изречената казна доколку превоспитувањето се покаже како успешно. Ако на детето му е изречена казна затвор за деца до две години и шест месеци, може да се пушти на условен отпуст на една третина од изречената казна.За време на условниот отпуст судот му определува мерка на засилен надзор од страна на ЦСР во определено траење кое може да биде и покусо од делот на неиздржаната казна. Судот доколку смета дека е потребно може да го продолжи траењето на засилениот надзор до 1 година после времетраењето на казната, но најмногу до наполнувањето на 21 година на осуденият. Судот ќе го отповика условниот отпуст, ако осуденото дете не може да ги исполни обврските кои се предвидени со засилениот надзор или пак додека е на условен

отпуст, направи 1 или повеќе дејства кои се предвидени со закон како кривични дела за кои е изречена казна затвор за деца над 2 години. Доколку детето направило некое дејство а со закон предвидено е како кривично дело за кое му е изречена казна до 2 години затвор за деца или парична казна, судот доколку сака може да го отповика условниот отпуст така што би ја зел во предвид сродноста на сторените дела, нивното значење, побудите од кои се сторени и другите околности што укажуваат на оправданоста за отповикување на условниот отпуст. Доколку судот го отповика условниот отпуст, ќе изрече една казна, - казна која е веќе утврдена. Кога судот нема да го отповика условниот отпуст, тој ќе биде продолжен за времето кое осуденото дете го поминало на издржување на казната затвор изречена за новото дело.

3.3.3. Парична казна

Паричната казна всушност претставува главна казна, освен за делата кои се направени од користољубие, кога паричната казна може да се изрече како споредна казна заедно со казната затвор за деца или со условна осуда со заштитен надзор. Паричната казна може да се изрече во дневна глоба. Бројот на сите дневни глоби не може да е помал од една ниту пак да е поголем од 120 дневни глоби. Во однос на одмерувањето и извршувањето на паричната казна соодветно се применуваат одредбите од КЗ. Неплатената парична казна судот претежно ја замерува со мерката општокорисна работа. Една дневна глоба може да се замени со 3 часа општокорисна работа, со што вкупниот број часови општокорисна работа не може да е поголем од 100 часа. Неплатената парична казна или неизвршената општокорисна работа како нејзина замена, судот може да ја замени и со мерка на засилен надзор или мерка упатување во центар за деца.

3.3.4. Забрана на управување со моторно возило од определена категорија

Оваа казна може да биде изречена како главна казна,или како споредна казна која е заедно со паричната казна според условите предвидени во чл. 38-в од КЗ.

3.3.5. Протерување странец од земјата

Оваа казна најчесто се изрекува под идентични услови исто како и претходната. Имено, може да се изрече како главна казна, но и како споредна казна заедно со паричната казна, според условите предвидени во чл. 38-г од КЗ.

3.3.6. Изрекување санкции на помлади полнолетни лица

Санкции спрема помлади полнолетни лица за кривични дела кои ги сториле како деца. На едно полнолетно лице кое има наполнето 21 година не може да му се суди за дејство кое со закон е предвидено како кривично дело кое го извршило како дете од 14 до 16 годишна возраст. На полнолетното лице доколку во текот на судењето нема наполнето 21 година, може да му се суди само за дејства кои што со закон се предвидени како кривични дела кои ги направил како дете од 14- 16 годишна возраст за кои што е утврдена казна поголема од 5 години. На вакво лице судот може да му изрече заводска воспитна мерка илисоодветна мерка на засилен надзор. Пред да се изречи мерката, судот најпрвен ги зема во предвид сите околности на случајот, но особено тежината на стореното дело, , поведението на сторителот, времето што поминало од неговото извршување и целта на оваа воспитна мерка. На полнолетно лице за дејство кое со закон е предвидено како кривично дело кое го извршило како дете над 16 годишна возраст, може да му се изрече казна , соодветна мерка на засилен надзор или пак заводска воспитна мерка, или алтернативна мерка. При оцената која од овие санкции треба да се изрече, судот претежно ги зема во предвид сите оние околности на случајот, а особено тежината на стореното дело, поведението на сторителот, времето кое што поминало од неговото извршување, како и целта која што треба да се постигне со сите овие санкции. Но на едно полнолетно лице кое во време на судењето наполнило 21 година, судот може наместо затвор за деца да му изрече условна казна или пак затвор. Заворската казна која што е изречена во овој случај во однос на бришењето на осудата ,рехабилитацијата, и правните последици од осудата, има исто правно дејство како и казната затвор за деца.

3.3.7. Воспитни мерки спрема помлади полнолетни лица

На помладо полнолетно лице односно сторител кој што има извршено некое дејство кое што со закон е предвидено како кривично дело, а во времето на пресудувањето нема наполнето 21 година, судот би можел да изрече заводска мерка или соодветна мерка на засилен надзор, ако со оглед на неговата личност и околностите под кои е направено делото, може да се очекува дека и со воспитната мерка ќе се постигне целта која би се остварила со изрекувањето на самата казна. На помладо полнолетно лице на кое што ќе се изрече воспитна мерка, судот, под условите кои се предвидени со овој закон, може да му изрече и мерка на безбедност. воспитна мерка која ќе биде изречена може да трае најмногу до наполнетите 23 години на сторителот.

4. Општи одредби

Ослободување од казна- Доколку судот кој, според општите одредби во КЗ го прогласи детето за виновно и го ослободи од казна, може да му изрече и некоја воспитна мерка.

4.1.Изрекување воспитни мерки и на казни за дела во стек

За оние дејства кои законски се предвидени како кривични дела во стек судот ке му изрече на детето само една воспитна мерка или парична казна или само казна затвор за деца , кога постојат законски услови за изрекување на таа казна и кога судот ќе најде дека е потребно да се изрече. Судот ќе постапи на овој начин и кога по изречената мерка затвор за децаили воспитна мерка, односно парична казна, ќе утврди дека детето пред или пак по нивното изрекување направило некое дејство кое што со закон е предвидено како кривично дело. Доколку едно дете над 16 годишна возраст направило неколку односно повеќе дејствија кои што со закон се предвидени како кривични дела во стек, а судот смета дека за секое одделно дејство треба да му се изрече затворска казна или парична казна, казната ќе му ја изрече според слободна оцена во рамките на нејзината најголема законска мерка. Судот ќе постапи на овој начин и во случај ако по изречената казна утврди дека детето пред или по нејзиното изрекување сторило дејствие што со закон е предвидено како кривично дело.

4.2.Воспитните мерки и дејство на затворска казна за деца

Доколку при времетраењето на воспитната мерка судот ќе пресуди затворска казна за деца, тогаш воспитната мерка ќе прекине во зададен момент кога детето ќе започне да ја издржува својата извршена казна. Доколку за времетраењето на воспитната мерка судот му изрече на некое помладо полнолетно лице затворска казна за деца или затвор од најмалку 1 година, воспитната мерка престанува со започнувањето на издржувањето на казната. После издржувањето на казната во рок од 30 дена судот е тој ко дополнително ќе одлучи дали треба извршувањето на воспитната мерка да продолжи понатаму.

5. Дејство на санкциите, евиденција на изречените санкции, рехабилитација

5.1. Правни последици

Изречените санкции на полнолетни лица за дејствија што со закон се предвидени како кривични дела кои ги сториле како деца и на изречените воспитни мерки на помлади полнолетни лица правни последици не повлекуваат затоа што се содржат во забрана на стекнување на определени права.

5.2.Евиденција за повеќе изречени санкции

Судот е надлежен според местото на раѓање да води евиденција на изречените санкции спрема дете и помладо полнолетно лице Надлежниот суд е должен најдоцна до петтиот ден во изминатиот претходниот месец, на дете и помладо полнолетно лице за дејства кои што со закон се предвидени како кривични дела и прекршочни санкции до Основниот суд Скопје I Скопје кој води Единствен регистар за Република Македонија. Во Единствениот регистар на нашата држава се внесуваат и податоците добиени од надлежниот суд за изречените санкции за дејства кои што со закон се предвидени како кривичнни дела и за прекршочни санкции за помладо полнолетно лице или пак дете кое што е родено во странство или со непознато место на раѓање. Податоци за изречените санкции може да му се дадат само на судот, на јавниот обвинител и на институциите што се занимаваат со

заштита на децата, во врска со нова процедура која што се води спрема детето за сторено дејство кое што со закон се предвидува како кривично дело или прекршок.

Бришење на санкциите

ЗПД предвидува соодветни рокови за бришење од евиденција на различните видови санкции што може да се изречат спрема детето и тоа:

- укор или упатување во центар за деца, мерките на засилен надзор и прекршочни санкции - по една година од нивното извршување или застарување, ако детето или помладото полнолетно лице во тој временски период не направи и ново дејство кое што со закон е предвидено како кривично дело или прекршок;

- условна осуда со заштитен надзор - по една година од истекот на времето за проверување, ако детето или помладото полнолетно лице во тој рок не стори ново дејствие што со закон е предвидено како кривично дело;

- заводски мерки, парична казна и алтернативни мерки - по една година од нивното извршување или застарување, ако детето или помладото полнолетно лице во тој рок не направи ново дејство кое што законски се смета како кривично дело или прекршок;

- затвор за деца - по 5 години од денот на застарената издржаната, или пак простената казна, доколку во тоа време помладото полнолетно лице или детето не може да направи ново дејство кое што со закон се предвидува како кривично дело. Кога ќе се исполнат сите услови, за сите изречени санкции податоците се бришат од евиденцијата, а додека сите документи се поништуваат по сила на законот.

5.3.Застареност на извршувањето на санкциите

ЗПД има предвидено и рокови за застареност на извршување на сите санкции кои што се разликуваат според тежина и вид, односно времетраење на санкциите. Затворската казна за деца не може да се изврши кога ќе поминат:

- 10години од осудата на затвор за деца над 5 годишна возраст

- 5 години од осудата на затвор за деца над 3 годишна возраст и
- 3 години од осудата на затвор за деца до 3 годишна возраст

Останатите санкции не може да се извршат по истекување на:

- 2 години од денот на правосилноста на одлуката со која е изречена парична казна;
- времето за кое се изречени казните за забрана на управување со моторно возило
- 5 години ако протерувањето на странец од земјата е изречено засекогаш;
- 1 година од денот на правосилноста на одлуката со која е изречена алтернативната мерка општокорисна работа и изречените мерки на безбедност;
- 5 години од денот на правосилноста на одлуката со која е изречена заводската воспитна мерка упатување во воспитно- поправен дом;
- 3 години од денот на правосилноста на одлуката со која е изречена заводска воспитна мерка упатување во воспитна установа и на мерките на засилен надзор;
- 6 месеци од денот на правосилноста на одлуката со која е изречена дисциплинската воспитна мерка упатување во центар за деца.

ГЛАВА 5 - АНАЛИЗА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

1. Методологија на истражувањето

1.1.Предмет на истражување

Од широкото подрачје на феноменот деликвентно однесување кај децата, предмет на ова истражување е испитување на тоа кои се најчести облици на кривични санкции кај децата, причините за нив, како и целосно испитување на ставовите на децата кои се ученици во основните училишта во општина Кавадарци и разговор со стручни лица заради предлагање на нови мерки за превенција на децата и нивните кривични дела како социјална појава. Предмет на истражување е и испитувањето колку детските кривични дела се присутни во нивното училиште и кои се најчестите појавни облици, какви се ставовите на околината за деликвентните деца и кои мерки треба да бидат преземени, сè со цел за превенција, спречување и намалување на деликвентното однесување помеѓу децата и младите. После спроведеното истражување ќе бидат предложени мерки за превенција против лошите однесувања кај децата , нивни превентивни мерки , посебно меѓу учениците на основните училишта, за да можеме да влијаеме на сите фактори за успешна социјализација и пружење на помош во случај на појава на било каква деликвенција.

1.2.Цел на истражување

Цел на истражување, како што веќе напоменавме, е да испитаме дали ставовите на учениците во училиштата наспроти децата кои имаат извршено некое кривично дело се позитивни или негативни, и кои видови деликвентно однесување најчесто се среќаваат помеѓу децата и младите во општина Кавадарци, како и кои мерки испитаниците ги предлагаат за спречување на кривични дела кај децата Ова истражување во состав на мојата магистерска теза го правам и насочувам во правец во кој сакам да откријам како размислуваат моите испитаници во врска со кривични дела на децата од нивна возраст т.е што размислуваат за нивните постапки, дали ги препознаваат и кои се причинителите за таквото нивно однесување и постапување. Но, од голема важност за темата е и разговорот со стручни лица кои секојдневно се засегнати со оваа проблематика, потпирајки се на нивното многу поголемо искуство за разлика од моето сопствено. Поставувајки ја темата на начин што превентирањето на сите кривични дела од страна на децата ја истакнувам пред

репресивното постапување со деца кои се сторители на некакво кривично дело, сакам да дојдам до сознание и податоци за некои општи правила поради кои децата во нашата земја, кои се предмет на моето истражување, се однесуваат и постапуваат надвор од моралните и законските рамки, со што никулците на таквото нивно дејствување навреме би се откриле и во исто време би се отстраниле, без поголеми последици како за личноста на децата, така и за општото добро на сите граѓани кои се под закрила на позитивното право во РМ.

1.3.Задачи на истражување

Од наведените цели произлегуваат задачите на истражување:

*Да се испитаат ставовите на испитаниците за следните прашања:

- Дали мислите дека образовните институции и средствата за масовна комуникација претставуваат значајни фактори за интернализација на моралните принципи?

- Дали мислите дека се потребни конкретни модели и механизми за практично имплементирање на превенцијата?

- Дали е потребна организирана помош на децата кои растат во социјално загрозени семејства?

- Дали е потребно формирање на служби за дијагностика во состав на правосудните органи?

- Дали е потребно формирање на единствен информациски систем за собирање на релевантните информации што се однесуваат на децаата кои имаат направено кривично дело?

- Дали принципот на индивидуализација е најкомпетентен при одмерување на казната?

- Дали судовите се експедитивни при решавање на предметите со децата кои сториле кривично дело?

- Дали е потребно донесување на подзаконски акти за успешно спроведување на Законот за правда на децата?

- Дали е потребно дизајнирање на индивидуален план во третманот на ресоцијализација за секое дете?

- Дали пенитерсиерните установи треба да обезбедат услови за поголемо стручно усовршување на децата осуденици?

- Дали е потребна поголема кадровска екипираност и мултидисциплинарен пристап на институциите кои се занимаваат со третман на децата?

2. Хипотези

2.1. Главна хипотеза

Во истражувањето тргнавме од хипотезата дека децата кои имаат извршено кривично дело е предизвикувана од низа фактори од психолошка и социолошка природа.

2.2. Подхипотези:

- се претпоставува дека мегу децата и младите во нашето опкружување се среќаваат различни видови на деликвентно однесување;

- се претпоставува дека испитаниците ќе им дадат предност на воспитните мерки, во однос на репресивните, при решавање на проблемот на децата кои сториле кривично дело

- се претпоставува дека децата кои сториле кривично дело се опасна социјална појава;

- се претпоставува дека нашето општество не обрнува доволно внимание на децата што покажуваат деликвентно однесување и не се преземаат соодветни мерки за негово спречување;

- се претпоставува дека испитаниците ќе произнесат предлози на мерки за спречување на децата кои се наклонети кон извршување на кривични дела;

3.Методи, техники, инструменти

Во овој труд е користен методот на теориска анализа и истражувачката метода. Од техниките за истражување е користено анкетирањето. За да се испитаат ставовите на учениците на основните училишта кон децата со лоши однесувања, одбрани се техниките на анкетирање со кои на систематичен и релативно краткотраен и економичен начин се доаѓа до мислење на испитаниците за оваа појава. Од инструментите е користен анкетниот прашалник, конструиран за потребите на ова истражување, во кој постојат зададени хипотези. Во составувањето на анкетниот прашалник е обратено внимание на тоа прашањата да бидат јасни и недвосмислени т.е. да бидат прецизно формулирани. Анкетниот прашалник се состои од неколку прашања кои се прилагодени на проблемот на истражување.


3.1.Учесници опфатени во истражувањето

Учесници во истражувањето се учениците на основните учлишта во општина Кавадарци и тоа: - ООУ Гоце Делчев - 30 ученика од IV одделение - ОУ „Д. А. Габерот“ - Кавадарци - 30 ученика од V; - ОУ „Страшо Пинџур“ - Кавадарци - 31 ученик од VI одделение; и - ООУ „Тошо Велков Пепето“ - 30 ученика од VII одделение Во истражувањето учествуваат вкупно 121 ученик од различни возрасти. При изработката на магистерскиот труд е спроведено и истражување по пат на анкетирање на испитаници кои во пракса се среќаваат со оваа проблематика т.е испитаници кои постапуваат со свои одлуки превентивно или репресивно при појава деца кои сториле кривични дела и тоа: - Судии-5 ; - Педагози-5; - Адвокати од Кавадарци-5; - Социјални работници-3, сите од Кавадарци.

Анализа на анкетниот прашалник за ученици 1. Истражувањето на ставовите на учениците од основните училишта во општина Кавадарци, за децата и младите што покажуваат некои лоши однесувања но и разни кривични дела како општествена појава, е спроведено на 121 испитаник.

Табела 1. Структура на испитаниците според полот:

	Фреквенца	Проценти
Машки	56	46,28%
Женски	65	53,72%
Вкупно	121	100,00%



Графикон бр 1

Табела 2. Структура на испитаниците според возраст:

Одделение	Машки	Женски	Вкупно
IV-одд. Основно училиште	14	16	30

Vодд. Основно училиште	8	22	30
VIодд Основно училиште	26	4	30
VII одд Основно училиште	13	18	31
Вкупно	61	60	121

2. Испитаниците припаѓаат на старосната група од 9 до 13 години

Табела 3. Структура на испитаниците по годините

Година	Фреквенца
13	6
14	24
15	8
16	38
17	26
18	29
Вкупно	121

3.Тип на населба во која испитаниците живеат

Табела 4. Структура според местото во кое живеат:

	Фреквенца	Проценти
Град	35 28,	93%
Село	86 71,	07%
Вкупно	121	100, 00%



Графикон бр 2

5. На прашањето што најмногу влијае на однесувањето на децата, испитаниците требаше да рангираат 8 фактори според важноста, од 1 за најважниот фактор, до 5 за најмалку значајниот. Понудени се следниве одговори:

1. Семејните односи

2. Насилството над децата

3. Училишниот неуспех

4. Препуштеноста на улицата и на лошото друштво

5. Неорганизирано слободно време

6. Желба за истакнување

7. Неприлагоденост

8. Мас-медиумите

Речиси половина од испитаниците на прво место од факторите за деликвентно однесување на малолетниците ги навеле семејните односи во семејството на малолетникот. На второ место е препуштеноста на улиците и лошото друштво, додека на трето место е насилството врз децата. Бидејќи станува збор за фактори што се меѓусебно поврзани, заклучуваме дека испитаниците го гледаат семејството како основна причина за деликвентно однесување а со тоа и предизвикуваат различни кривични дела.

6. На прашањето кои мерки би требало да се преземат кон децата кои предизвикале некое кривично дело, испитаниците требаше да одберат еден од четирите понудени одговори:

1. Треба да им се пружи помош

2. Треба да се упатат кај стручно лице

3. Треба да се казнат

4. Треба да се поддржат

Од испитаниците, 114 се определиле за мерката која децата ги упатува кај стручно лице, 85 испитаника сметаат дека им е потребна помош а 29 сметаат дека треба да се упатат кај стручно лице, што исто така претставува еден облик на помош. Само 4 испитаници се определиле за репресивни мерки, а 3 испитаници сметаат дека треба да се поддржат во нивното однесување.

7. На прашањето колку често децата кои сториле кривично дело ги повторуваат своите прекршоци, испитаниците ги дадоа следните одговори:

Табела 5. Повторување на прекршоците:

	Фреквенца	Проценти
Многу често	22	18,18%
Често	89	73,55%
Ретко	9	7, 44%
Никогаш	1	0,83%
Вкупно	121	100,00%



Графикон бр 3

Повеќето од испитаниците сметаат дека децата кои сториле кривично дело се склони на повторување на прекршоците. Дури 111 испитаника сметаат дека се склони на рецидивизам, од нив 89 сметаат дека прекршоците се повторуваат често, а 22 сметаат дека се повторуваат многу често. Вкупно 9 испитаника сметаат дека децата кои сториле кривични дела ретко ги

повторуваат прекршоците, а само 1 испитаник смета дека децата кои сториле кривични дела никогаш не ги повторуваат прекршоците. 8. На прашањето во која мера општеството може да придонесе во намалувањето на лошото и деликвентното однесување, младите испитаници требаше да рангираат шест понудени мерки од 1 до 6 – 1 за најефикасните, а 6 - за најнеефикасните. Резултатите се наогаат во табелата:

Табела 6. Мерки за намалување на лошите однесувања на децата кои сториле кривично дело

	Ранг1	Ранг 2	Ранг 3	Ранг 4	Ранг 5	Ранг 6
Зајакнување на улогата на семејството	56	24	19	12	7	3
Педагошко-психолошки мерки	12	26	22	33	16	12
Репресивни мерки од полицијата	13	10	10	19	44	12
Правосудни мерки	2	8	9	17	34	51
Подобрување на социјален статус	16	32	35	19	10	9
Подобрување на економска ситуација	21	23	20	20	15	22

Повеќе од половина испитаници, 56 од нив, на прво место од понудените мерки ја рангирале мерката зајакнување на улогата на семејството во општеството. Како втора рангирана е мерката подобрување на економската ситуација во општеството и подобрување на социјалниот статус во општеството, понатаму следуваат педагошко-психолошките мерки, додека репресивните мерки на полицијата и правосудните мерки се послабо рангирани, што покажува дека ставот на испитаниците е таков што сметаат дека превентивните мерки даваат подобри резултати од репресивните.

9. На крајот побаравме од испитаниците да предложат мерки за да се спречат децата уште во најрана возраст да прават кривични дела

Најголемиот број предложени мерки се однесуваат на семејството и училиштето. Испитаниците ги предлагаат следните мерки:

- Разговор на родителите со децата

- Контрола од страна на родителите

- Поголема претпазливост од родителите

- Пружање на поголема љубов и внимание

- Ограничување на времето за излегување

- Помагање на младите во депресивни ситуации и ситуации на здодевност, бидејќи поради тоа младите најчесто се одлучуваат на деликвентно однесување

- Подобри односи во семејството

- Подобрување на условите за живот

- Воспитување на децата од мали нозе

- Посветеност на родителите

- Потполно родителско внимание

- Родителска контрола и разбирање

- Разговарање за проблемите

- Повеќе залагање на родителите во животот на своите деца

- Разговор на професорите со децата

- Разговор со педагог

- Психолошка помош

- Наставниците е да бидат пријатели со учениците

- Построги правила во училиштата

Голем број на предложени мерки се однесуваат и на влијанието на општествените ситуации:

- Подобрување на економската и социјалната положба

- Градење на спортски објекти

- На медиумите повеќе да се говори за младите, а не за минатото

- Клуб за млади

- Младински центри

- Отворање на културни установи

- Советување на родители за односот со децата

- Забрана на алкохол и цигари

- Спорт

- Помош од социјалниот работник

- Запознавање на младите со лошата страна на деликвенцијата

- Поголема образованост и стручен кадар што се занимава со работа со малолетници

- Поголемо внимание на опкружувањето на малолетникот

- Стриктна забрана за точење на алкохол

- Забрана за коцкање

- Социјално-едукативни установи

Помал број од испитаниците ги предложија следните репресивни мерки:

- Полициски мерки

- Построг закон

- Построги казни

- Построга полициска контрола

- Адекватни казни

- Намалување на наркоманијата

Некои од испитаниците предложија мерки што се однесуваат на самите малолетници:

- Разговор со постари и поодговорни лица

- Помош од пријателите

- Занимавање со нешто што ќе им го одвлече вниманието од деликвенцијата

- Неподдржување на деликвентното однесување

- Квалитетно поминување на слободното време

- Семинари

- Разговор за последиците на деликвентното однесување

- Избегнување на лошо друштво

Анализа на анкетниот прашалник и разговор воден со стручните лица

При разговорот со стручните лица кои секојдневно се среќаваат со оваа проблематика, констатирав позитивен став кон понудените превентивни мерки за намалување и спречување на оваа појава воопшто.

1. Дали мислите дека образовните институции и средствата за масовна комуникација претставуваат значајни фактори за интернализација на моралните принципи?

Табела бр. 7

	ДА	НЕ
Судии	ДА	/
Педагози	ДА	/
Адвокати	ДА	/
Социјални работници	ДА	/

Од ова произлегува дека компетентните органи и профили придаваат голема важност на образованието на децата и младите, како и нивниот социјален живот следејќи ги филмовите, стриповите, разните спотови и сите оние содржини кои се емитуваат на ТВ или се прикажани во весник кои влијаат во нивниот развој и се значајни фактори за превентива на најмладите и децата

2.Дали мислите дека се потребни конкретни модели и механизми за практично имплементирање на превенцијата?

Табела бр 8

	ДА	НЕ
Судии	ДА	/

Педагози	ДА	/
Адвокати	ДА	/
Социјални работници	ДА	/

Потврдниот одговор е резултат на нивното, како и нашето мислење дека од досега усвоените закони и програми за спречување на различни кривични дела од страна на децата нема поголеми резултати поради фактот што детето е една комплексна категорија која мора да се третира на многу поспецификчен начин за разлика од нарушените однесувања кај возрасните.

3.Дали е потребна организирана помош на децата кои растат во социјално загрозени семејства?

Табела бр 9

	ДА	НЕ
Судии	ДА	/
Педагози	ДА	/
Адвокати	ДА	/
Социјални работници	ДА	/


Сите органи одговорија потврдно, што е резултат на нивната загриженост дека сè поголемиот број на деца што се сиромашни деца се многу поподложни на извршување на

кривични дела и нивните мотиви се многу поизразени за разлика од децата кои растат во богата средина.

4.Дали е потребно воспоставување на продолжен престој во училиштата?

табела бр 10

	ДА	НЕ
Судии	ДА	/
Педагози	ДА	/
Адвокати	ДА	/
Социјални работници	ДА	/



Графикон бр 4

Нашите испитаници сметаат дека како замена за доста слободното време што го имаат децата треба да се воведе програма за продолжен престој во училиштата, каде тие корисно би го искористиле слободното време.

5.Дали државата треба да партиципира во трошоците за дневен и продолжен престој во училиштата?

табела бр 11

	ДА	НЕ
Судии	ДА	/
Педагози	ДА	/
Адвокати	ДА	/
Социјални работници	ДА	/

Од ова произлегува дека државата е таа која треба да инвестира во начинот на поминување на времето на децата, за истата да има добра иднина во која криминалитетот ќе биде намален во корист на општеството.

6.Дали има потреба од посебни индивидуални содржини во училиштата?

табела бр 12

	ДА	НЕ
Судии	ДА	/

Педагози	ДА	/
Адвокати	ДА	/
Социјални работници	ДА	/

Испитаниците го потврдуваат недостатокот на воспитно-образовниот елемент во училиштата и сметаат дека покрај постојаните наставни содржини треба да се воведат такви содржини во кои секој поединец ќе има посебен третман во кој ќе се пронајде себе или пак на време би се забележале одредени девијации во однесувањето

6. Дали е потребно формирање на служби за дијагностика во состав на правосудните органи?

Табела бр 13

	ДА	НЕ
Судии	ДА	/
Педагози	ДА	/
Адвокати	ДА	/
Социјални работници	ДА	/

Од ова произлегува дека испитаниците сметаат дека во превентивното делување со децатамногу голема улога би играле службите за дијагностика во состав на правосудните

органи, кои со помош на стручни лица навремено би ги дијагностицирале менталните и психичките способности на потенцијалните деца кои се склони кон извршување на некое кривично дело

8. Дали принципот на индивидуализација е најкомпетентен при одмерување на казната?

Табела бр 14

	ДА	НЕ
Судии	ДА	/
Педагози	ДА	/
Адвокати	ДА	/
Социјални работници	ДА	/

Принципот на индивидуализација, сметаат испитаниците, е најадекватниот пристап и со возрасните сторители на кривични дела, и има многу поголемо значење за децата сторители на кривични дела за одмерување на казна која мора да влијае на подобрување и ресоцијализација на детето, за да се избегне случај на зголемување на бројот на рецидивисти поради погрешен пристап со проблематични деца

9.Дали судовите се експедитивни при решавање на предметите децата кои сториле кривични дела?

Табела бр 15

	ДА	НЕ
Судии	ДА	/
Педагози	ДА	/
Адвокати	ДА	/
Социјални работници	ДА	/

Од ова произлегува дека не се доведува во прашање експедитивноста на судовите и органите што постапуваат со децата сторители на кривични дела, туку превентивната акција од страна на соодветните органи во иднина треба да биде засилена заради спречување на криминалитетот кај сторителите од најмала возраст.

10.Дали е потребно донесување на подзаконски акти за успешно спроведување на Законот за правда на децата?

Табела бр 16

	ДА	НЕ
Судии	ДА	/
Педагози	ДА	/
Адвокати	ДА	/
Социјални работници	ДА	/

Испитаниците ја потврдуваат недоволната опфатеност на регулирање и постапување со оваа карактеристична и доста специфична категорија на престапници во Законот за правда за децата

11.Дали е потребно дизајнирање на индивидуален план во третманот на ресоцијализација за секое дете?

Табела бр 17

	ДА	НЕ
Судии	ДА	/
Педагози	ДА	/
Адвокати	ДА	/
Социјални работници	ДА	/

Од ова произлегува дека појавата на рецидивизам кај децата кои сториле кривично дело наметнува потреба од оформување на ваков план и посебен третман за правилно ресоцијализирање, наместо почестата примена на репресивни мерки кон нив

Дискусија

Разгледувајќи ги одговорите на нашите испитаници и нивните кратки образложенија, забележавме дека тие во прв план за соочување со оваа проблематика ги стават превентивните средства. Сепак секој од сите нив ги наоѓа факторите за појавата на различно криминално однесување кај децата во социјалната средина во која секој со својата улога може да спречи или напротив да дозволи, помогне или пропушти некое дејство со кое една млада личност односно дете ќе создаде погрешна слика за себе т.е. ќе оформи личност на дете склоно на кривично дело. Имено, тие апсолутно се согласуваат дека младите следејќи ги филмовите, стриповите, разните спотови и сите оние содржини кои се емитуваат на ТВ или се прикажани во весник кои влијаат во нивниот развој и се значајни фактори за превентива од секакви лоши однесувања, недостатокот на воспитнообразовниот елемент во училиштата е присутен и дека покрај постојаните наставни содржини треба да се воведат такви содржини во кои секој поединец ќе има посебен третман во кој ќе се пронајде себе или пак на време би се забележале одредени девијации во однесувањето, потребно е навременото реагирање на Центарот за социјални работи, забележувајќи ги и лоцирајќи ги ризичните семејства, овозможувајќи посебен третман на децата жртви на нарушени меѓусемејни односи, за да бидат заштитени од насочување на нивните мисли и постапки во погрешен правец. Принципот на индивидуализација, сметаат испитаниците, е најадекватниот пристап како со 110 возрасните сторители на кр.дела, во многу поголема мерка од значење за децата сторители на кривични дела е одмерување на казна која мора да влијае на подобрување и ресоцијализација на детето за да се избегне случај на зголемување на бројот на рецидивисти поради погрешен пристап со дете кое сторило кривично дело. Покрај другото, едногласни беа во идејата дека општеството особено треба да се залага за издвојување на буџетни средства со кои како прво би се обучил кадар, а потоа и оспособил за работно место кое ќе има за една и единствена задача, превенирање на какви било девијантни појави и реагирање на време кај оние кај кои знаците на лоши однесувања се веќе видливи.

Интерпретација на анкетниот прашалник

Повеќе од 90% од испитаниците сметаат дека децата кои направиле кривични дела, во поголема или помала мера, е псекојдневно во нивното опкружување. Повеќе од половината испитаници сметаат дека деликвентното однесување често е присутно во нивното опкружување. Со сето ова јас ја потврдив и првата хипотеза – а тоа е дека меѓу децата и младите во нашето општество се среќаваат различни видови на деликвентни однесувања, кои во последно време се многу зачестени а со тоа се напреднува кон криминални дела Од испитаниците повеќе од половината сметаат дека општеството не покажува доволна грижа за сите деца кои сториле кривични дела, речиси половина испитаници сметаат дека им се посветува само повремена и недоволна грижа. Испитаниците сметаат дека наставниците односно професорите во училиштата често ги опоменуваат и советуваат учениците, но ретко ги критикуваат, казнуваат и упатуваат кај директорот или педагогот, па може да се заклучи дека професорите имаат позитивен пристап кон децата со направени некои кривични дела Во предлозите за спречување на криминалитетот испитаниците предлагаат повеќе разговори мегу професорите и учениците, професорите да бидат пријателски настроени со учениците, во училиштето да има повеќе интересни активности, со што се потврдува втората хипотеза - дека квалитетот на педагошката комуникација со проблематичните деца е незадоволителен. Најголемиот број од испитаниците сметаат дека семејството има значајна улога во превенцијата и намалувањето на криминалитетот и во помошта на децата кои сториле некое кривично дело. Со ова јас ја потврдувам и третата хипотеза а тоа е - дека испитаниците ќе дадат предност на воспитните и едукативните мерки во однос на репресивните при решавањето на проблемот. Повеќе од половината испитаници сметаат дека семејните односи се најзначајниот фактор за појавата на криминал. Понатаму следуваат испитаниците што сметаат дека главна причина за извршување на кривично дело од страна на децата е препуштеноста на улицата и на лошото друштво. Со сето ова јас ја потврдив и четвртата хипотеза – а тоа е дека семејните односи во семејството на децата најмногу влијаат на однесувањето на децата. Голем број од испитаниците сметаат дека нашето општество не води доволно грижа за децата кои што покажуваат некое лошо однесување, како и дека оваа појава е многу опасна. Половина од останатите испитаници мислат дека мерките кои што се преземаат не се доволни. Со ова се потврдени и останатите две хипотези односно петтата и шестата хипотеза – а тоа е дека нашето општество не

презема автентични мерки за спречување на оваа појава. Заради сето ова што се потврдени сите наведени хипотези во мојот труд, генерално е потврдена и главната хипотеза – а тоа е дека ставовите на испитаниците кон децата кои прават некое дело главно се позитивни и дека криминалитетот кај децата е предизвикан од повеќе фактори од биопсихолошка и социолошка природа Во вториот дел од истражувањето што го направив со помош на прашалник поставен на погоре наведените органи, се покажа како точна мојата теза дека општеството треба посериозно да се позанимава со децата кои имаат направено криминално дела така што би овозможиле: конкретни модели и механизми за практично имплементирање на превенцијата, би партиципирале во училиштето како значаен фактор за развој на личноста од најмала возраст со помош на воведување на посебни содржини, индивидуален пристап со децата, посветување на повеќе внимание на децата од ризични семејства, би овозможиле продолжен престој, исто така би го подобриле начинот со третман на деца сторители на кривични дела реагирајќи со посебни методи и кадри колку што е потребно за подобар резултат и така натаму. Имено, со ова истражување со помош на испитаниците, од различна возраст и различна професија, но во секој случај сите поврзани на ваков или онаков начин поради неопходност од соработка за спречување на криминалите кај децата и деликвенција воопшто, се докажа и важноста на целата моја магистерска теза дека превенцијата на децата од криминални дела е најбитниот сегмент за намалување на криминалитетот воопшто во една држава. Кога би се исклучиле сите т.е најбитните фактори за оваа појава и би се отстраниле недостатоците на правосудниот систем во РМ, кога би се дополнила законската регулатива и нивната примена не би била под знак прашалник, како и многу други активности што се напоменуваат во оваа тема, државата би била инвеститор во младите кои би создале иднина во која нема место за криминал, односно барем би се намалил и ефикасно би се спречувал и би се казнил.

Заклучок:

Криминалните дела извршени од страна на децата од секогаш привлекувало посебно внимание на општеството. Познато ни е дека, оваа појава е присутна уште во

најнеразвиените земји во светот. Со самиот развој на општеството, таа претрпувала големи модификации и промени и тоа како на феноменолошки-појавен план, така и во поглед на причините и условите што ја предизвикуваат и овозможуваат. Кога би се погледнало во целина, правецот на овие промени се движел кон се подрастично и позачестено манифестирање на ова однесување. Во тесна врска со тие промени, се менувал и вредносно-етичкиот и правниот однос на општеството кон општествено неприфатливото однесување на децата. Главната но и основа линија на овие промени преминала во нешто поразличен правец. Од првобитно изострената осетливост на сите, па, и на најситните испади на младите и ригорозното општествено и правно реагирање, општеството со текот на време станува потолерантно, а неговото реагирање похумано. Овој развој, пред се, се должи најмногу на напредокот на човековото општество воопшто и посебно на силниот развиток на науката за човекот. Наспроти овие две општи правилности постојат, и извесни отстапувања, кои се условени од одредени специфичности на одделни социо-културни средини, а посебно од самата динамика на негативното општествено однесување на младите. Неприфатливото однесување на децата кои се склони кон кривични дела, е појава која предизвикува особен интерес за истражување и анализирање на нејзините причини од страна на голем број автори. Разгранетоста на научните проучувања доведе до забележителни успеси. Генерално и покрај сево ова , во оваа област постојат одреден број проблеми кои сеуште останале спорни ,нерешени, или се решени на начин кој не ги задоволува барањата на објективното научно проучување.

Користена литература:

7-ми Конгрес на ОН за превенција на криминал и постапување со престапници, Милано Италија, (26.08.-06.09.1985);

Ante Caric, Problemi maloletnickog sudstva, Savez dru{tava defektologa Jugoslavije , Split,1971 godina.

Arnold Binder, Gilbert Geis, Dickson D Bruce Jr.(2001): Juvenile Delinquency:Historical, Cultural & Legal Perspectives, Elsevier, стр.4;

Bangkok Declaration calling for action against Organized crime, Terrorism, Human Trafficking,

Money-Laundering, Corruption, Cybercrime, Restorative Justice, 11th UN Congress on Crime Prevention and Criminal Justice, Thailand, 18-25 April 2005, www.un.org/events/11thcongress/docs/bkkcp25e.pdf.

Buzarovska - Lazetik, Gordana and Kosevaliska, Olga and Nanev, Lazar (2015) Кривично постапување спрема деца во ризик и деца во судир со закон.

Кривично постапување спрема деца во ризик и деца во судир со закон, 1 (1). Универзитет „Св.Кирил и Методиј“ Правен факултет Јустинијан Први, Скопје. Buzarovska - Lazetik, Gordana and Nanev, Lazar and Kosevaliska, Olga (2012) Меѓународни документи за спроведување на малолетничката правда - Современи текови во постапувањето со малолетниците. СППМД, Кавадарци.

Buzarovska - Lazetik, Gordana and Nanev, Lazar and Kosevaliska, Olga (2012) Медијацијата во системот на малолетничка правда. СППМД, Кавадарци.

C.A.Hartjen, Youth, crime and justice: a global inquiry. New Brunswick, New Jersey, London. Rutgers University Press, 2008, стр. 91.

Cavadino, M./Dignan, J, The penal system, 4th edition, London, Sage, 2007.

Cédric Foussard, (2010): Juvenile Justice Systems in Europe: current situation, trends in applicable models and good practices, 4 th IJJO International Conference: Buillding integrative juvenile justice systems: Approaches and methodologies regarding mental disordens and drugs misuse, Rome, 09 – 10.11.2010; CM (2005) 163, PC-CP (2006) 01, Srasbourg, 17.01.2006.

Daniel W. Van Ness, An Overview of restorative justice around the world, Enchancing criminal justice reform including restorative justice, Synergies and Responses: Strategic Alliances in Crime Prevention and Criminal Jusrtice, Workshop no. 2, Bangkok, Thailand, April 18-25, 2005.

Donald Joseph Cipriani (2007): Children's Rights and the Minimum Age of Criminal Responsibility - A Global Perspective, VRIJE UNIVERSITEIT, стр. 282 – 300; Dünkel, F./Grzywa, J./Pruin, I./Šelih, A., Juvenile justice in Europe – legal aspects, policy trends and perspectives in the light of human rights standards, in Juvenile justice systems in Europe, Current situation and reform development, (F.Dünkel/J.Grzywa/P.Horsfield/I.Pruin, eds.), Forum Verlag Godesberg, Vol. 4, стр. 1815-1816.

F.Dünkel/J.Grzywa/P.Horsfield/I.Pruin, eds.), Forum Verlag Godesberg, Vol. 4, стр. 1515.

Franz von Liszt, 2 Strafrechtliche Aufsätze und Vorträge, 1905, стр. 246.

Frieder Dünkel,Diversion: A Meaningful and Successful Alternative to Punishment in European Juvenile Justice Systems, Reforming Juvenile Justice, (eds. Junger-Tas/ Dünkel), Springer, 2008, стр. 149.

Frieder Dünkel, Juvenile Justice in Germany: Between Welfare and Justice, Greifswald, 8.03.2004

Frieder Dünkel/Ineke Pruin, Community Sanctions and the Sanctioning Practice in Juvenile Justice Systems in Europe, Reforming Juvenile Justice, (eds. Junger-Tas/ Dünkel), Springer, 2008, стр. 183-204. James W. Burfeind, Dawn Bartusch (2011): Juvenile Delinquency: An Integrated Approach, Jones & Bartlett Learning, стр.5; Jašović, Ž. (1983),

Kriminologija maloletničke delikvencije, drugo dopunjeno izdanje, Beograd: Naučna knjiga, стр.31; 61

Josine Junger - Tas, Improving Juvenile Justice - Working towards a more effective and more humane system, www.esc-eurocrim.org/files/improving_juvenile_justice_chapter_1.doc.

Juvenile Justice, Innocenti digest 3, UNICEF, стр. 11.

Kosevaliska, Olga and Buzarovska - Lazetik, Gordana and Nanev, Lazar (2016) Реститутивна правда спрема деца. Македонска ревија за кривично право и криминологија, 1 (1). pp. 1-24. ISSN 1409-5327; Kosevaliska, Olga and Buzarovska - Lazetik, Gordana and Nanev, Lazar (2014) School bullying - A comparative approach -. Iustinianus Primus Law Review, 6 (10). pp. 1-18. ISSN 1857-8683;

Kosevaliska, Olga and Buzarovska - Lazetik, Gordana and Nanev, Lazar (2014) Предизвиците на новата кривична постапка против деца. In: Општествените промени во глобалниот свет, 11-13 Sept 2014, Правен Факултет УГД Штип;

Kosevaliska, Olga and Nanev, Lazar (2014) Adequacy of the new terminology in the Law for justice for children. Balkan Social Science Review, 3 (1). pp. 1-20

Koshevaliska, O., Nanev, L. (2014): Adequacy of the terminology in the Law for justice for children, BSSR, Vol.3; Lopez, M. (1959): Le prevention et le traitement de la delinquance juvenile, Tendances internationals d`aujourd`hoi, Revue international de Criminologie et de Police technique, No.1, стр.14.

Gregor Urbas (1998): The Age of Criminal Responsibility, Australian Institute of Criminology; Nanev, Lazar and Kosevaliska, Olga and Ivanova, Elena (2017) Притвор во постапката спрема деца. Зборник на трудови од Четврта научна меѓународна конференција Општествените промени во глобалниот свет, 4 (4).

O. Nyquist (1960): Juvenile Justice, London, стр. 114;

Recommendation CM/Rec(2008)11 of the Committee of Ministers to member states on the European Rules for juvenile offenders subject to sanctions and measures, 5.11A.2008, Council of Europe.

Recommendation No. R (87) 20 on social reaction to juvenile delinquency, 17.09.1987.

Recommendation Rec (2000) 20 on the role of early psychosocial intervention in the prevention of criminality, 06.10.2000.

Recommendation Rec (2003) 20 concerning new ways of dealing with juvenile delinquency and the role of juvenile justice, 24.09.2003. Resolution No.2 on the Social Mission of the Criminal Justice System - Restorative Justice, MJU-26 (2005) Concl., www.coe.int.

T. Mommsen, (1959): Römisches Strafrecht, Graz, стр. 75.

The Institutes Of Justinian - Translated With Notes By J. Tr Abdy, Ll.D. Judge Of County Courts, Late Regius Professor Of Laws In The University Of Cambridge, And Formerly Fellow Of Trinity Hall, Cambridge University Press; The UN Guidelines for the Prevention of Juvenile Delinquency, 1990 (Riyadh Guidelines The UN Standard Minimum Rules for Non-custodial Measures, (Tokyo Rules).General Assembly resolution 45/110 of 14 December 1990

The UN Standard Minimum Rules for the Administration of Juvenile Justice, 1985 (Beijing Rules).

Winterdyk, J.A., Juvenile justice systems: International perspectives, 2nd ed., Toronto, Canadian Scholars' Press, 2002.

World Youth Report, UN, 2003, стр.189;

Арнаудовски, Љ. (1984):Малолетничко престапништво, Скопје, стр. 25;

Бужаровска - Лажетиќ, Г. (2013): Авторизирани предавања по малолетничко казнено право, УКИМ, стр.1-31;

Бужаровска, Г., Нанев, Л., Кошевалиска, О. (2012): Меѓународни документи за спроведување на малолетничката правда, СППМД, Кавадарци, стр.286;

Бужаровска, Г., Пајовиќ – Мишевска, С. (2010): Мерките на помош и заштита според Законот за малолетничката правда, Зборник за малолетичка правда, Факултет за безбедност Скопје;

Живановић. Т. Основи на кривичното право на Кралството Југославија, општ дел, 2 книга, Белград, 1937 година, стр.102;

Заклучоци утврдени од европските министри за правда на Министерската конференција во Хелсинки во 2005 година, 26th Conference of European Ministers of Justice, Helsinki (7-

8.04.2005), www.coe.int. Златарић, Б, во Збирката документи од VI Интернационален Конгрес, Опатија, стр. 97 и 107;

Јашковиќ З. (1978): стр.56, исто и во делото на Vidanovič,I.(1991), Metodika socijalnog rada s pojedincem I porodicom opšti deo, Beograd:Naučna Knjiga, во која е обработен поимот на малолетничка делинквенција;

Камбовски, В. (2008) Кривичен Законик на РМ, интегрален текст, предговор, кратки објаснувања и регистар на поими, ЈП Службен весник на Република Македонија, стр.77;

Камбовски, В.(2006): Казнено право, општ дел, 2-ри Август Штип, стр. 804;

Кнежевич, С: (2010): Малолетничко кривично право – материјално, процесно и извршно, Правног Факултета у Нишу, Ниш, стр.24;

Конвенција за правата на детето, Усвоена од страна на Генералното собрание на О.Н. со резолуција 44/25, од 20 ноември 1989 Стапила во сила на 2 септември 1990, согласно со членот 49;

Кошевалиска, О. (2017): Малолетничкиот казнен систем во контекст на теоретските амбиции на медијацијата, Зборник на трудови во чест на Марјан Марјановски, Правен Факултет Јустинијан Први, УКИМ, Скопје; Марјановиќ, Ѓ. (1998): Кривично право – општ дел, Скопје, стр.249;

Нанев, Л: (2003): Положбата на дететово кривичната постапка, СППМД, Кавадарци, стр.81; Прирачник за Правда за децата, УНИЦЕФ, 2014, стр.85;

Закон за правда за децата, Сл.Весник на РМ бр.148/2013;

закон вон сила; Тодоровић, А. (1971): Узорци малолетничког преступништва, Институт за криминолошка и криминалистичка истраживања, Белград, стр. 22;

Шкариќ, Олга Мурџева: Психологија на детството и на адолесценцијата, Развојна психологија, Филозофски факултет, Скопје, 2009, стр. 250.

Штерјов, Л. (2013): Влијанието на воспитната мерка - Засилен надзор од страна на центарот за социјална работа, врз положбата на децата и младите во системот на малолетничка правда, магистерски труд, стр.20, УГД, Штип;